СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 3897/21
06.06.2023 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 29-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана заденеска.
Ја отварам 29-та седница на Советот на Општина Кавадарци.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

ПОЧИТУВАН ГРАДОНАЧАЛНИК

ПОЧИТУВАН Г-ДИН КЛАУС РИХТЕР –ТИМ ЛИДЕР НА ПРОЕКТОТ ЕВРОПСКА УНИЈА ЗА ОПШТИНИТЕ

На седницата присуствуваат 18 советници.1 советник ќе биде приклучен преку онлајн, со нас ќе биде преку зумот.
Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

На денешната седница доставен е и Записникотод 28-тата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден06.06.2023 година;

Дали има забелешки по Записникот од 28-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 28-та Седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно усвоен. Диме. За.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 28-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

За денешната седница доставен е и Записникотод 7-таВонредна седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 14.06.2023 година;
Ве молам кој е за усвојување на Записникот од7-таВонредна седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 14.06.2023 година;
Едногласно усвоена. Диме. За. Во ред.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено

Предлог Дневен Редза денеска и тоа;

1. Бонска декларација за интегритетот на консултантски услуги за јавни клиенти;

2. Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;
3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта;
4. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.12/23, поведен пред Основен суд Кавадарци;
5. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.42/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;
6. Предлог-Одлука заизменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот"Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште Општина Кавадарци";
7. Предлог-Одлукапримање на донација изработена проектна документација на ниво на Основен Проект со позитивен Извештај за ревизија и елаборат за заштита на животна средина за изградба на ул„ 1, 2 , Нов Белград 1„ и изградба на атмосферска и фекална канализација на дел од ул„ Нако Лазовски„ од ИГМ-ТРЕЈД Илија и др. ДОО Кавадарци ;
8. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
9. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ„ Гоце Делчев„ Кавадарци
10. Информација по извршена контрола за состојбата на броилата за вода (водомерите) на територијата на Општина Кавадарци ;
11. Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на начинот и цената за промена на статус на корисник на услугите на ЈП Комуналец Кавадарцидонесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
12. Одлука за давање согласност на Одлука за определување на надомест за противправно приклучување на водоводна и канализациона мрежа на водоводниот систем Лукар,донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
13. Одлука за давање согласност на Одлука за давање на донација на ЈП„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
14. Одлука за давање согласност на Одлука за давање донација на Синдикална Организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
15. Одлука за давање согласност на Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2023/2024 во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
16. Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на работното време на вработените во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

17. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Програма Културно лето „ГО САКАМ КАВАДАРЦИ 2023„ од Друштво за маркетинг услуги ИНОВАТИВА ГРУП ДОО Скопје;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Диме. За.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот дневен ред да се надополни со оваа точка.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка. Молам кој е за. Диме. За.

Констатирам дека е усвоен предлогот точка 19.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ за 2023 година, донесена од Управен одбор на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на вака изменетиот дневен ред.Кој е за. Диме. За.

Почитувани советници дали има и други предлози за измена и дополнување на вака изменетиот денешен дневен ред.Бидејќи немате, целокупниот дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. Со тоа преминуваме на првата точка од денешниот Дневен ред.

1. Бонска декларација за интегритетот на консултантски услуги за јавни клиенти;

За оваа точка нашиот гостин е тука. Тоа е Поќитуваниот г-дин Клаус Рихтер, Тим Лидер на Проектот Европска Унија за Општините. Дали би го поканиле за збор. Повели г-дин Рихтер.

Г-ДИН КЛАУС РИХТЕР: Почитуван Претседател на Советот, почитувани членови на Советот, почитуван Градоначалник имам краток текст на македонски јазик. Ова е прв пат за мене на говорница на македонски. Благодарам за поканата за оваа седница на Советот. Како Тим Лидер на програма за општините јас сум многу задоволен и инпресиониран од вашата инцијатива да се усвојат принципи од Бонска декларација како општински стандард за транспарентност и интегритет за работа на даватели на консултантски услуги во Кавадарци. Пред неколку недели го посетивме Кавадарци со група германски комунални експерти. Не очекувавме таква позитивна и речиси ентузијастички реакција. Бонска Декларација беше претставена на јавноста во Германија во истата недела од нашата посета на Кавадарци. Извршниот директор на Германска Асоцијација на консултантски фирми на менаџмент кој ја предводи делегацијата беше горд што го договори текстот на оваа Декларација на долга дебата во медиумите и со фирмите членки. Ова покажува дека транспарентноста и интегритетот беше лесна тема во Германија, како и овде во Северна Македонија. Со оваа декларација нема да се даде решение на сите потенцијални проблеми, кои може да се појават во иднина, но ќе поставиме основа за етничко разбирање и оперативен стандард. Честитам на вас и вашиот Градоначалник за разбирањето на важноста на оваа работа и на други теми исто така. Благодарам за учеството на оваа седница.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Од името на Советот на Општина Кавадарци и мене како Претседател на Советот посебно често и задоволство ми е што ни се обративте г-дине Клаус на нашиот мајчин јазик и да ви се заблагодарам за вашето внимание и вашето присуство денеска, што не удостоивте и што сте заедно со нас. Почитувани советници дали имате некое прашање до г-динот Клаус. Бидејќи нема точката прва ја ставам на гласање. Тоа е Бонската Декларација за интегритетот на консултантски услуги за јавни клиенти. Кој е за. 18 за и 1 воздржан.

2. Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Почитувани советници отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта;

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.18 за, 1 воздржан.

4. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.12/23, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. 18 за, 1 воздржан.

5. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.42/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. 18 за, 1 воздржан.
Почитувани советници јас би му се заблагодарил на г-динот Клаус за присуството. Во кординација со Секретарот на Општината би се заблагодарил што е тука и се надевам дека во идно време повторно ќе бидете присутни со нас. Ако сакате да останите до крајот на нашата седница не е никаков проблем. Благодариме на вашето внимание.

6. Предлог-Одлука заизменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот"Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште Општина Кавадарци";

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Диме. За.

7. Предлог-Одлукапримање на донација изработена проектна документација на ниво на Основен Проект со позитивен Извештај за ревизија и елаборат за заштита на животна средина за изградба на ул„ 1, 2 , Нов Белград 1„ и изградба на атмосферска и фекална канализација на дел од ул„ Нако Лазовски„ од ИГМ-ТРЕЈД Илија и др. ДОО Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. 18 за, 1 воздржан.

8. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Јован Златевски.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Сакам да ја искористам оваа прилика и оваа точка за образование за да ви предложам една инцијатива. Денес сакам да ги споделам со вас придобивките од воведуваето на смер за угостителство во Средното училиште за нашиот град Кавадарци. Оваа инцијатива има моќ да донесе значителни позитивни промени во нашата заедница. Некои од предностите што ги нуди се следниве. Прво програмата за угостителство на ниво на средно училиште може да биде катализатор за економски раст . Со негувањето на угостителството уште од мали нози можеме да привлечиме повеќе туристи и посетители во нашиот град. Овој зголемен број на посетители ќе доведе до повисока потрошувачка во хотели, ресторани и други угостителски објекти создавајќи нови деловни можности и генерирање работни места за нашата локална работна сила. Второ угостителството во средните училишта им овозможува на учениците да развијат основни вештини кои се применливи и надвор од угостителството. Тие ќе стекнат практични искуства во однос со

клиенти, планирани настани, комуникација, тимска работа и решавање на разни проблеми. Овие вештини ќе ги подготват, ќе ги припремат за различни професии, опремувајќи ги да успеат во било која било област што ќе ја изберат во иднина. Покрај тоа оваа програма ќе ги подготви учениците за идните кариери во угостителската индустрија. Раната инволвираност во индустријата ќе им помогне да ги истражат нивните интереси и способности во областите како што се хотелски менаџмент, туризам, угостителство и планирани настани. Со раното започнување учениците ќе бидат добро опремени со потребните вештини и знаења кога ќе влезат во пазарот на трудот.Други предности лежат во задржувањето на локалните таленти. Многу млади поединци го напуштаат нашиот град во потрага на средно образование за угостителство или можност за кариера на друго место. Нудејќи сопствена програма за угостителство можеме да ги охрабриме нашите ученици да останат и да го продолжат своето образование и кариера токму тука, со што ќе ги задржиме нашите квалификувани професионалци и ќе придонесиме за раст на нашиот град. Дополнително угостителскиот смер во некои од нашите средни училишта ќе го потикне ангажманот во заедницата. Учениците можат активно да учествуваат во организирањето на локалните настани, да помогнат за време на фестивали и да го подржат нашиот Сектор за туризам и угостителство.Ова вклучително ја подобрува репутацијата на нашиот град и потикнува чувство на граѓанска одговорност кај нашите млади поединци. И за крај воведувањето на специјалност за угостителство во средните училишта носи огромно ветување за нашиот град Кавадарци. Овој потфат бара внимателно планирање, соработка со локалните бизниси и образовни институции и распределба на потребите ресурси и квалификувани настави.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Значи вака почитувани советници. Пред почетокот на седницата се договоривме со советникот. Значи негова идеја кога ќе биде Годишниот План за вработување во двете наши основни општински училишта да даде еден негов предлог, една негова идеја бидејќи контекстот на неговото излагање беше во правец за размислување и добра идеја за отворање на угостителски смер во склоп на нашето средно општинско училиште. Идејата треба да потикне од Советот за да се даде до Министерството за образование и наука во Скопје. Така да сметам дека во таков правец беше излагањето на нашиот почитуван колега советник. Значи од наша страна како Совет, сметам дека идејата е благородна. Нас дефинитивно угостителството како регион во околината нема таква можност, дефинитивно бидејќи сме сепак град кој што има развиена индустрија и модернизнизација има угостителски објекти кои што прилично добро котирачки во општината и во државата, сметам дека една ваква идеја итекако е благородна и е потребна за нас. Јас би го замолил советникот за на наредниот Совет, бидејќи не запозна со самата инцијатива да го ставиме на Дневен ред и да го изгласаме и да го

официјализираме. Благодарам советниче. Почитувани пристапуваме кон гласање на 8-та точка од денешниот дневен ред.

8.Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

Повели Директорке. Вие сте на ред.

ДИРЕКТОРКА НА ООУ ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ МАРИЈА ТРАЈКОВА: Почитувани соеветници. Значи општинското училиште „Тоде Хаџи Тефов„ има доставено Предлог за Годишен План за 2024 година. Претходно два пати присуствував на седница на Советот на Општина Кавадарци и беа дополнување на Измена на Годишниот План за 2023 година. Ќе објаснам ако нешто не е јасно бидејќи се преклопуваат некои работи од дополнувањето и сега Планот за вработување за 2024 година. Она што сакам да го потенцирам планирано за 2024 година е за технички персонал, значи за жена која што веќе има наполнето 62 години, најавува дека нема да си оде во пензија, ќе оди до 64 години, бидејќи нема стаж од 10 години, таа мора да биде испланирана во Годишниот План, доколку дојде до таква ситуација да можеме да примиме ново лице. Значи кај нас во образование секогаш правиме Годишен План само за техничко административен кадар, а не за наставен кадар. Тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Директорке. Почитувани советници дали има некој друг. Нема. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Диме. За.

9. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ„ Гоце Делчев„ Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Диме. За. 18 за и 1 воздржан.

10. Информација по извршена контрола за состојбата на броилата за вода (водомерите) на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Директоре едно кратко обаснување пред советниците и Градоначалникот.Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани директори, администрација и почитувани сограѓани.

Значи по неколкуте совети кои што ги имавме во минатово имаше уговарања дека фактурирањето на вода е намалено во делот на правните и физичките лица од претходни години. Општина Кавадарци си зема за обврска да направе комплетна анализа на фактурирањето на водата за пиење, со тоа што извади од 2015 до 2022 година, по година поединечно колку биле физички лица , колку биле правни лица, колку е фактурирано на физички лица, колку е фактурирано на правни лица. Од добиените точни информации, не е точно дека ние секогаш фактурираме по 3 000 000 м3 вода. Да има 2015 3 000 000, па 2016 има 2 800 000, па има 3 020 000, па 2 900 000. Варирањето во делот на фактурирањето на вода од година во година, најмногу зависи од 3 работи: од функционирањето на правните субјекти, во Короната знаете

дека правните субјекти многу помалку работеа дуќани, фирми, производство и ред други работи. Исто економската криза, која што ја имавме ланската година и оваа година, со 70% капацитет работат поголеми компании, некои и не работеа 9 месеци како што е Еуро Никел, еден значителен потрошувач на вода за пиење и исто така најмногу се гледа разлика во делот на месец април, мај, со тоа што соодносот на Водостопанство кога ги става во функција наводнителните канали, тие години кога каналите се ставени за наводнување, во функција навремено како оваа година што е ставен навреме, нас не ни се зголемува дрстично потрошувачката за вода, затоа што луѓето имаат вода на самите ниви, насади, за заштита, за прскање, за други работи црпат вода од водоснабдителните системи за наводнување. Анализата покажува и уште еден добар податок дека двата бунара што ги направивме спроти депото се многу експлоатирани и се многу користат така да тука доста е намалена потрошувачката на вода. Некаде во викенд петок, сабота и недела кога се прават заштитни мерки на лозови насади пред се, повеќе од 40 трактори полнат вода на самите канали. Она што е утврдено како пропуст и недоследности, јас нема да го кријам од вас, сакам да го споделам со вас и затоа сега гледаме заедно со раководителот, со директорот каде има пропусти, како да ги надминиме тие пропусти. ЈП Комуналец во принцип годишно од 450-500 броила менува по дифолт на дефект на броила. Вкупниот број на броила не е драстично пораснат од 2015 до 22-ра, затоа што новите објекти кои ги зборуваме и градбите не се ставени во функција и не се ставени во системот за фактурирање, меѓутоа има пораснато со 500 бројки во делот на вкупниот број на броила. Вкупен број на броила, некаде има Општина Кавадарци за евиденција 10 500. Главниот проблем каде што наидуваме и кај што најдовме е тоа што имаме пропусти во главниот закон каде што јас како дел од Управниот Одбор на ЗЕЛС и градоначалник ќе инсистирам тој закон во иднина да се смене. Броилото за водоснабдување на секое индивидуално или правно лице е сопственост на индивидуалното или правното лице, односно корисникот, што за нас е хендикеп како Општина, хендикеп како ЈП. Кога е дефектно броилото ние треба да му наложиме на индивидуалецот, корисникот да купе ново броило што коста 80,90 евра, а тоа да му го наложиме треба да му докажиме дека не работе неговото броило или не мере точно или заостанува или обратно, па во тој случај да го смене. Тука наидуваме на многу проблеми и се наидува на работа каде што граѓаните ги изложуваме на дополнителен трошок. Значи мојот предлог ќе биде во иднина да законот се смене, броилата бидат сопстевеност на ЈП или Општината и одржувањето на броилата и промената на броилата бидат на терет на ЈП, а не да биде на корисникот, исто како што е со ЕВН и со ред други компании каде што броилата се сопствност на самиот давател на услугата. Утвредено е дека имаме некаде околу 120 паушални броила, паушални броила на индивидуални домувања. Тие паушални

броила се затоа што броилото му е расипано и не го сменил и немаме начин како да го натераме да смене и мораме да му ставиме паушален износ на цела ситуација во делот на мерењето на вода. Претежно е тоа во индивидуалното домување кај Ромското население. Во колективно домување има 140 паушалци. Тоа се оние згради кои што се правени 80-та година, 85-та, трета, четврта, кај што самите броила, дали хоризонтални или вертикални се ставени во самите тоалети. Сите се паушалци, затоа што ниеден инкасант како прво недоликува преку цела куќа или преку цел стан да се прошета и да влезе во тоалетот за да го прочита самото броило. За возврат на тоа преку соработка со Т-Мобиле ќе добиеме 450 броила донација, негде до месец август кои што ќе бидат со дигитално отчитување. Значи тој проблем со паушалот во колективните згради ќе го надминиме. Ги задолживме Комуналец да набават Рамковен тендер за 1000 броила. Тие 1000 броила кај што има стари броила по 20 години, 30 години и веќе не даваат точна вредност на мерењето на водата да може да се сменат со давање можност на рати да се користе, пошто ние не смееме да му го дадиме бесплатно, затоа што законот вели е дека е негова сопственост, значи може да му го дадиме на 12 рати, 15, 10, по цена колку што кошта и инкасантите на заклучниот состанок како информација од 15 инкасанти или 14 ние направивме паралелна контрола со 16 луѓе од Општината, сите 10 500 броила ги проверија заедно со луѓето од Општината, ги исликаа, ги ставија во ексел, ги поделија на мали, средни, големи потрошувачи, инкасантите си ја бркаат својата работа, никаде не наидовме на неочитано броило, избегана количина, кај што беше очекувано, меѓутоа тоа не се случи, така да во тој дел немаме проблем.На мој предлог и на предлог на директорот, дадовме неколку предлози, да се постави правилник за работа со броилата. Што значи Правилник за работа. Кога некоја особа бара броилото да се ставе во мирување од икс, икс, причини, односно дали по долго патување во странство, дали ради иселување од државата, директорот да си направе правилник и да биде Водовод и Канализација заедно со инкасантската служба задолжен да се испадне на лице место, да се броилото пломбира и да се исклуче од притисок за да немаме понатамошни злоупотреби. Кога истата особа ќе побара пак да се ставе броилото во функција,да си поднесе пак барање, ќе си испадне пак Комисијата, ќе си ја отворе пломбата, ќе го ставе пак во функција. Тоа досега било само на едно барање обично и они го ставале во мирување, што мислам не било исправно. Не викам дали имало малверзации или немало, мислам дека треба да биде правиот начин овој. Во делот на инкасантите на мој предлог и заеднички предлог со Раководителот на инкасантите и директорот од први јули секој инкасант или контролор или вработен во Водовод кој што ќе најде див приклучок, односно кражба на вода ќе биде награден со 2000 денара, 10 % на плата за најден див приклучок. Тоа ќе биде доволно мотивација за нашите инкасанти да ги ставиме во колосек и оние диви приклучоци, ако воопшто и ги има. Ние не може

да тврдиме дали ги има или дали ги нема. Знаете дека за секој див приклучок може да следува и кривична пријава, а во најмала рака има прекршочна пријава и му се фактурира веднаш 600м3 вода како казна и се става во колосекот на местење на броила. Целта на таа работа е да немаме диви приклучоци, да ги ставиме сите во делот со мерење на водата и ние како ЈП во делот на фактурирање на вода, ако немаме пропусти и немаме кражби и добро е медитирано и ни падне потрошувачката на вода, тоа е за пофалба. Зошто е за пофалба. Затоа што рационалното користење на вода, рационалната употреба на водата за пиење, тоа е тој податок, кој што го бара и Европска Унија и секој град кој што се стреме за да биде помала потрошувачката на вода. Нас не ни е целта да продадиме повеќе вода. Целта е да биде рационално по глава на жител. Сами знаете дека многу луѓе порано имаа и бавчи дома и ред други работи . Тоа се е веќе напуштена работа, не употребуваат вода за таа работа. Комуналните инспектори заедно со Мој Општинар работат на терен кај што пуштаат вода по улици, прскаат и тоа е веќе минијатурно и тоа е намалено на работа, значи нивото на култура, на злоупотреба на вода се зголемува, така да мислам дека потрошувачката на вода е објективна, дај Боже градот да се шире, а културата да се зголеме на повисоко ниво за да биде јас што викам потрошувачката нормална по глава на жител, примарно од мене ќе земам личен пример. Наутро кога се бричам ја пуштам чешмата, се стругам, пак ја пуштам и ја сопирам. Ако ја оставам да тече цело време, тоа е x3, така да водата е благодет ќе треба да ја користиме рационално. И мислам дека нема некои класични или големи злоупотреби. Знаете кога дојде енергетската криза Германскиот министер им препорача на Германците еднаш неделно да се бањат, али во овој дел ако ние сами не си ја користиме водата како благодет, изворот е тој, 225 литра Кавадарци добива вода. Вода има, вишок на вода имаме секогаш на прелив, така да мислам дека потрошувачката е таа.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, почитувани советници, Градоначалник и останати. Чекорот што го превземал Градоначалникот со администрацијата е за поздравување. Еден чекор, еден посто од работата што треба да ја сработиме е сработена и минатиот и предминатиот пат истото ќе го повторам. Што ми е целта. Не ми е целта да ги напаѓам Комуналец или инкасантите. Даде образложение Градоначалникот инкасантите дека се ок, тоа да. Дали инкасанотот два пати во година ќе иде или секој месец водата и саатот се тоа, саатите се стари, знаеме дека се стари и прават проблем. Тоа е мерлива работа, можеме на неколку места да пуштиме чешма, да видиме каков е саатот, ако е од 80-та година, ако мери точно нема што да го фрламе, да правиме трошоци да купуваме саати. Значи и тоа се мери. Што ми беше целта мене. Што е најбитната работа. Од Лукар доаѓа 7 500 000 кубика вода. Ние трошиме 2 или 3 000 000 литри, и фактурираме, другата е вишак. Вишокот правиме трошок, го

носиме до градот, до филтер станицата во Ваташа и го пуштаме во Луда Мара, сакаме да ја правиме Луда Мара да биде пловна. Целта мие таа вишак на вода да ја регулираме, да најдиме начин да ја регулираме, како индустриска вода, било како да ја дадиме на граѓаните. Сме направиле трошок, сме ја донеле од 40 километра и првото барање до Директорот беше, прва работа што сакам Директоре е да ставиш саат на вишакот , да видиме колку има вишак вода и колеги ако имаме вишак вода една бројка, водата во градот втора бројка и третата бројка е загуби и дефекти да речиме или некои потреби јавни чешми или такви работи кај што и тоа е дозволено и тоа е за народот. И повеќе нема што да работиме. Сите бројки се слагаат и се добива влезот на водата и немаме потреба од ништо така. Е целта ми беше друго. Најбитна работа ми е оној вишак на вода што доаѓа некои 5 000 000 кубици, да го регулираме, да го сместиме во град, да го дадиме или како индустриска вода или како вода што на некој начин нема да оди во Луда Мара. Тоа ми е првата работа и првата цел ради тоа што 2/3 од водата нас ни бега во вишак или во дефекти. Работата што е изработена овие два месеци е позитивна, али тоа е многу малку, ние бараме сега и плус други работи, вишакот да го најдиме кај оди и после кога ќе го најдиме колку е количински многу лесно можеме да одиме по градотдали има див приклучок, дали по основ на дефект избегала водата, тоа е лесно, лесно наоѓаме како да го средиме тоа. Дали ќе се сложиме дека тој дел треба да почниме прво да го решаваме. Количина на вода доаѓа, количина на вода оди во град и количина на вода оди во вишак, вишакот да го мериме и да знаеме колу е, инаку секогаш викаме тоа фактурирано, овоа е волку, другото е во вишак, оди во река и готово не се мери. Тоа што не се мери ние да најдиме начин да го мериме, да видиме ако е занемарлива бројка не е многу вода нема да регулираме, нема да бараме од нејзе ништо. Ако е поголема количина, донесена вода, направени трошкови да најдиме начин да ја уклучиме во градот, дали како индустриска да ја уклучиме во системот, на било кој начин како Совет и како Комуналец да ја искористиме. Колку и да сакаш да наоѓаш грешки во мерење во инкасант, во саат, тие се 2%, 3% , 5% . Тоа е толеранција што еден дефект, една цевка ако пукне, сите саати што не мерат точно цела година, еден дефект ги покрива така ли е Градоначалник. Или не е така. Исто ти е и да е така и да не е така. Тоа ми беше целта. Не ми е целта да го напаѓам Комуналец или Градоначалникот, него да се усмериме каде што треба да одиме. Првиот чекор е добар за поздравување. Јас имам толку, ако има дискусија од некои советници моето знаење во инфраструктурата на Лукар и

третманот на водата во градот и распоредување на водата и користење на водата го знам. Ај да направиме напор и ќе бидам задоволен ако до наредна година, до наредно лето направиме подобрување на 5-10%. Нема водоводно стопанство во Европа каде што нема загуба повеќе, помалку од 30%. Значи сите имаат 30% загуба. Ние викаме 5% да скокниме да не ни бега загуба на вода, да најдиме каде оди, да регулираме. Тоа не е напаѓање на Комуналец или дека е грешка, бараме некој кој ја згрешил работата. Тоа ми е целта. Тоа ми е намерата. Тоа е добра работа, не е лоша.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. Ова беше првото прашање кое што почнавме да го третираме ние како Совет и како советничка група и ноември уште самиот старт на мандатот друг директор беше, на мое поставено советничко прашање добив одговор од страна на ЈП Комуналец дека 60% претставува оноа што ние го нарекуваме загуба на вода. Тоа еве го потпишано од претходниот директор. 2022 година имате фактурирано вода 2,4 000 000 . Во споредба со 2021 за 127 000м3 помалце. Значи не само што не ја намалувате, мислам не го зголемувате делот на фактурирање на вода, а во меѓувреме имаме да кажам нови приклучоци на вода и логично е да делот на фактурирана вода оди нагоре, вие 2022 во однос на 2021 имате намалување во делот на фактурирање на вода. Што е клучниот по мене, клучната работа по мене. Ако 60% и повеќе имаме загуба на вода, не ми е јасно каде оди таа вода. Значи клучната работа која што треба да ја одговориме денеска тука е каде е загубата на вода. Дали е во Луда Мара, дали се слева таму . Дали има одреден отпуст во Луда Мара, колку литри во секунда треба да влева во реката, што би значело тоа за реката бидејќи ако се согласиме сите, ако ја погледниме реката ќе видиме дека количеството на вода кое што тече таму е многу минимално, ако оди таму, ако оди на некое друго место тогаш е проблем на ЈП во однос на регулирање на овие работи, дали имаме диви приклучоци, дали некој нелегално злоупотребува во однос на крадење вода, што на пр. ЈП Комуналец прави во однос на таа работа. По сите математики кои што ги направивме точна е констатацијата на колегата Сакалиев дека некаде околу 5 000 000 ни фалат, ги нема. Клучниот проблем е кај се тие. Ако на 7 м3, 9,7 000 000 м3 ни велгуват на годишно ниво у оноа што претставува водоводен да кажам систем. Од тоа фактурираме 2,4 , 2,5 000 000 . Дел оди за соседни општини кое што е помал дел. Каде ни се другото количество на вода, дали има отпуст, дали нивото на реката е различно во однос на водостојот на реката е различен пред и после отпустот и

што тоа значи и дали истата загуба која што ја имаме на вода оди таму каде што има отпуст или не можеме да ја најдиме. Значи по мене овоа претставува само начин како да ни се замачкат очи и да ни се ставе оваа тема едактна . Јас барем така го разбирам, бидејќи тука вие сте утврдиле разлика 5000м3, што е многу минимално, 1%. Убаво кажа колегата Ристе, 1% од вкупната загуба на вода сте ја нашле и добро е тоа. Еден, еден битно нешто сте нашле. Проблемот е со другата. Каде ни оди другата и ве молам Градоначалник или директор на ЈП да ми одговорите.Ви благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас не знам кон што конкретизирате и накај што типизирате и кај ја водите дискусијата, стварно незнам, искрено не можам да ве разберам. Прво Сакалиев пошто го познава системот на Лукар, никаков дополнителен трошок не се праве за вишокот на вода, кој што не го фактурираме и оде на прелив, никаков трошок не се праве. Напротив правиме струја, пари правиме. Второ како тоа ние да измислиме да фактурираме повеќе вода, ка таа е водата, да ги крадиме граѓаните. Ако сакаме да знаеме каде оде, само една единствена работа за мене е прифатлива, ништо повеќе. Тоа што го спомна и Ристо и десет пати ти реков и тебе Директоре. Ставете броило на вишокот и секој ден да му пуштате порака колку е вишокот. Не се 7 000 000м3 вода. Па не се. Неготино каде е. Каде е Росоман. Значи од принцип ако кажат дека се вкупно 9 000 000м3 вода. Вие дали знаете дека нашиот доток од Лукар е 270-330 литра варира. Дали знаете што е водостој. Дали знаете што е хидрологија. Ќе ми кажуваш ти, вишокот на вода од 30 литра што го испуштаме дали се надигнало нивото на реката. Бог да чува и да бране. Знаеш ти колку Луда Мара има вода во секунда. Ама прочитај види, како да ти објаснам 30 литра вода дали ќе се надигнело коритото. Боже ме сачувај. Значи можеме да направиме само едно. Скада систем имаме комплетен на хидроцентралите колку вода стига до разделната станица. Еве ви кажувам по моја информација и пратење годишно стига помеѓу 270, во најлоша варијанта, до 330 литра во најдобра варијанта. Тоа се 50 л/с разлика. Може да биде од месец за месец, година за година, зависи од хидролошката година. Еве оваа година е ужасна пак од вода. Али што е пак тоа. Второ на разделната станица која што е направена механички, која што никој жив не може да влијае на неа. Никој, немаме кадри, немаме влијание. Значи направена бетонска, механичка. 1/3 оде за Неготино, отприлика од 65 до 75 л. во зависност од вкупниот доток и кај нас влеват од 200 до 225 л. во зависност од вкупниот доток на вода. Таа е водата. Општина Росоман влече вода помеѓу 12 и 18 л/с. во зависност од периодот во делот на Росоман и плус Општина Росоман

влече вода од Шивец за Трстеник и таму каде што немаме евиденција и немаме намера ни со Општина Росоман да му наплаќаме по м3 вода пошто ако почниме да му наплаќаме треба да си ја затворат Општината. Затоа што они се откажани од водоводот, не учествуваат во водоводот . У едно време е вакви паметнаковци како вас што прават анализа се откажаа од водоводот, си направија бунари, бунарите му испаднаа нефункционални, загадени, сега пак зимат од Лукар. Не му следува вода од Лукар искрено да ти кажам, ама не можеме да го оставиме Росоман и Росоманско без вода. Наши луѓе се и тие. И заеднички ги решаваме проблемите. Само можам да прифанам да се ставе вишок на преливот и водете го на месечно ниво, на квартално ниво и на 225 литра градот влече 150 литра, 70 се прелив, 60 се прелив. Соберете на крајот количината. Многу лесна работа. Ќе видиме која е реалната загуба. Дали е 30%, 25%, 60, 70 или 50%. Јас ви гарантирам дека Општина Кавадарци нема поголема загуба од 40%. Ви гарантирам. Во тој случај ќе треба уште една работа. Ќе треба една година да работиме на една работа. Секоја зелена површина, секоја фонтана, секоја чешма се треба броило да ставиме. Кај знаеш ти да израчунаш колку троше Градскиот Парк вода за наводнување. Еве ај направи математика. Колку троше Парк Полана, колку Паркот на Револуцијата, колку трошат зелените површини. Не знам дали се праве. Тоа само може да се измере. Ако ставиме сето тоа да го мериме што го нема ниедна општина, во тија случај ќе треба и да му ја наплатиме на Комуналец.Самиот на себе да си фактурира, па да ја дигне цената на зеленило по куќи. Значи која е цената на водата. Водата има приоритети. Ниту еднаш досега населението не е загрозено да се полива нешто или да се праве било што, притоа градското население или приградското да остане без вода за пиење. Не. Напротив. Секогаш гледаме на скада системот 24 часа онлајн што се случува, како се случува. Водостопанство, кај што Општина Каваадарци имаше инвестиција од 700 000 евра, Росоман 200 000 евра, Владата тогашна од 1,5 000 000 евра, требаше да ни дава вода без пари од системот на Хидробошава, кај што ни следува до 150 литра. Со одлука на Регулаторна Комисија, со нивна тужба ни ја наплаќаат водата непреработена, без ништо ни ја наплаќат. 3 денари беше Директоре. 3,5 денара. Непреработена. И сега имаш моменти . Кога ќе стигне водата во вкупната количина во базенот, знае Ристо бил на базентот . Базентите прават, односно филтрите прават рефреш од пола саат до саат и пол во зависност колку е чиста водата. На саат време или на саат и пол,20 минути до 30 оде водата во обратен правец. Тоа што ќе го наталоже да го исфрле назад. Како ќе ја измериме таа вода колку е. И таа треба да ја измериме. Таа е загуба така. Загуба од филтер станицата,

оти се наталожува филтере станицата и паѓа, во обратен правец ги пере филтрите на секој саат и пол. Која е целта на воа сето. Мислите дека ние ставаме некоја повластена ситуација или дека не наплаќаме за некои. Ако има некои такви конкретно, не мора јавно, напишете ги на ливче, уште денеска ќе му се направе контрола на сите. Не верувам дека има некој што за 18 денара, 20 денара за м3 вода ќе краде вода. Уште една работа 12 години, 6 мои и 6 претходно, 12 години Кавадарци 90% е сменет цел цевковод. Цел цевковод е сменет во градот. Немаме стари линии, загуби нема. Сопот од 16 л/с со целата реконструкција што ја направиме 22-ра година падна на 9 литра. Значи сите работи се елиминирани. Имаме прекрасен цевковод, имаме аномалии на друго место каде што треба да ги решаваме. Тука немаме проблем. Значи трошок да ја донесиш водата, ако е со пумпа Сакалиев, ако ја пумпаме ја носиме и е вишок ја фрлиме тоа е, а чим по гравитација ни стига водата нас тука, а притоа и правиме струја од таа гравитација и имаме прелив, не гледам никаков проблем. Може да ставите на преливот броило, треба да ставите и на филтрите, треба да ставите и на зелените површини, треба да ставите и на Шивец за Росоман, за Трстеник, треба да ставите и на Росоман точна количина, на излезот колку е количината на вода, а што ќе произлезе, мислам дека не е во наш интерес цело тоа да го направиме, затоа што водата која што ја добиваме е со Водостопанска согласност до толку литри што правиме зафат. Инаку ако сакате норми да мерите, да Општина Кавадарци е една од подобрите општини по глава на жител на потрошувачка на вода, а инаку од европски стандарди многу далеку е цела држава 1:4. Значи таа вода што ја трошиме во Македонија општо е исто како 1 жител во Македонија, 4 во европските стандарди за нерационално трошење на водата .

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник сакам да ви реплицирам. Вие грешка ме сфаќате и кога си нервозен граѓаните ќе те видат и тоа е добро. Да не те гледаат се расположен, насмеан и си симпатичен за мене и ваков и таков.Грешка ме сфаќаш или ме сфаќаш ама нејќиш да кажиш. Не ми е целта Градоначалник да некој крадел, искрено. Знаеш што ми е целта . Ти оти можиш, знаеш да фрлиш енергија на битната работа, а и имаш енергија многу, ама многу од енергијата ти е јалова енергија. Тоа оди во непотребни работи, али и тоа треба.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Репликата не е на место. Почитувани советници ја продолжуваме денешната седница. Уште на почетокот на нашиот мандат пред година и пол целта и идејата на Советот кога го елаборирав моето експозе за Претседател на Совет на Општина Кавадарци беше да овој дом биде дом и храм на

демократијата. Тоа е нешто што го заслужуваат нашите граѓани од кои сме избрани и тоа му го должиме пред се нив. За тоа колку Советот на Општина Кавадарци и советниците во нивниот четиригодишен мандат ќе имаат обзир и лице према нивните гласачи, најбитно е односот меѓу нас, односно тој однос меѓу нас советниците и односот меѓу советниците према Градоначалникот и према Претседателот на Совет се лицето за тоа како ние ќе функционираме и колку ќе бидиме ценети, колку ќе бидиме од нашите граѓани препознати и колку од нашите граѓани ќе се задоволни од нашата работа. Пред се функцијата Градоначалник и советник е минлива и менлива. Во тој правец јас сметам дека ваков начин на функционирање со Градоначалник и со Претседател на Совет пред се од моја страна, од страна на советник би едно големо разочарување на колегата советник пред малце, за кого ја дадовме оваа пауза. Една јавна опомена од моја страна како Претседател на Совет и се надевам дека достоинството и дигнитетот на Советот на Општина Кавадарци е цел за која треба да работиме сите. Во таков правец, во правец на различното размислување да се почитуваме еден кон друг. Само тоа носи развој на нашето општество. Знам дека во одредени моменти и на одредени точки може да се препираме и тоа е сосема здраво за демократијата, меѓутоа почитувани советници и почитуван Градоначалник целта на демократијата подразбира малце и поголемо собразвие еден кон друг, односно поголемо почитување. Јас се надевам и верувам дека вакви сцени и вакви немили моменти како што имавме пред паузата ќе бидат наше минато. Би сакал да ја продолжам денешната седница и се надевам дека конструктивно ќе ја завршиме. Воедно како Претседетел на Советот на Општина Кавадарци би ве замолил сите вас и Градоначалникот во идно време, во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци вакви немили сцени и вакви немили случки најмалце ни се потребни. Пред се за граѓаните на Општина Кавадарци. Надвор од овој храм на демократијата, надвор од медиумите има мегдан за дискусии, има мегдан на различни размислувања, меѓутоа нашите граѓани не го заслужуваат ваквиот пристап. Ја продолжувам седницата.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам Претседателе. И вие сте во право. Ние вас советниците ве почитуваме. Јас сакам барем половина од јас што ве почитувам и вие да ме почитувате. Е сега демократски е да ми дадеш замерка, ама подемократски е и на другите и на Градоначалникот кога збори да му викаш ќе ти дадам збор и него да го опоменуваш и тој нема да ти се лути. Што не ми се лути мене. Што и да си речиме овде на говорница надвор тоа не важи, али

граѓаните сакат да не видат во право издание, во право светло, а не да си глумиме сите за или сите не. Не ми е целта да бараме во јајцето влакно. Мене ми е целта вишокот на вода да видиме колку е , да мериме точно, да најдиме начин да не бега без потреба, него да го туриме во системот на градот и во интерес на граѓаните. Не знам Градоначалникот може и погрешка ме сфатил. Да е некој друг градоначалник што не ги познава тие проблеми нема да барам да реше ваков проблем. Овој градоначалник може, знае и ќе го реше проблемот и ќе ми биде благодарен, ама му треба малку време. Ќе најде начин. Знам нема злоба ниту од мене према него и он него према нас, ама он е научен сите да му се клањат и да викат Градоначалник така е како што ти размислуваш и он се восхитува на тоа. Тоа не е баш така. Подобро е вака колеги, да си кажеме се, ќе најдиме решение. Јас сум задоволен што оваа инцијатива ја покренав и има резултат тоа што го имат они работено 2 месеца. Па други 2 месеца уште малку, па трети 2 месеца, притоа рековме ни треба саат на вишокот, не ни битно дали треба саат, нека нема заат, нека вишокот се регулира, нека влезе во градот, нека не оде без потреба, нека се наводнуваат зелени површини. Нема ние тоа да го назначиме како вишак, само друга регулација ќе му најдиме, друг начин, да не ни бега водата во Луда Мара, него да влезе во градот во зелени површини или во некои перални или било каде донесена вода од врвот на планината 50 км и да ја фрлиме тука, тоа е грев.Нема тука злоба во тоа мое размислување и немаме потреба од вакви инциденти. Јас никогаш не сум се налутил на Претседателот, ако ми зима збор и сега јас кога тој ми го зима зборот реагирам и тој се лути, дава пауза. И тоа е демократски и тоа е ок, ама сите грешките си ги гледаме и треба да ги исправиме. Не дека јас сум безгрешен или тој . Е сега вината само на еден, другите се сите во право. Така не бива. Чекорот првиот е направен. Ова работа е голема. Една година најмалку, две ќе треба и ние рековме ако за 2 години ако направиме некое мало подобрување 5% тоа е топ. Тоа е добро. Нема сега ние да се лутиме, водата, бројки се какви такви ќе ги спастриме, ќе ги средиме и ќе дадат вкупна бројка.Таа првата бројка што доаѓа, овие другите треба да ја покријат и нека има отстапување 10%. Што има лошо во тоа. Претседателе ме разбравте.Благодарам. Поздрав.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Претседателе првично јас би сакал да имаш ист аршин према сите и кога ние сме прекинувани да исто реагираш. Јас досега од оваа говорница не сум навредил никој, така и ќе продолжам без разлика на одредени провокации, кои што ги добивам во некои моменти од одредени советници, Градоначалник или

од вас. Сметам дека треба да има ист аршин према сите и се согласувам дека сите треба да водиме дебата која што е конструктивна и дебата која што треба да ги подобрува состојбите и во Општината и во однос на ЈП-ја. По мене е непримерно да тука ни испадне Градоначалникот и да не кара како ученичиња од прво одделение, дали сме биле паметнаковиќ или не сме биле паметнаковиќи, па сме зборувале, мислам дека не е коректно таквиот начин на дискусија, на крајот ситуацијата ескалира нормално. Од страна на претходниот директор повторно ќе кажам значи овоа е наше залагање од нашиот старт на овој мандат. На првата мислам седница на Совет ка имавме точка за ЈП Комуналец зборувавме за оваа работа и самиот директор има еве писмо кај што вели дека 60% изнесува загубата на вода и не убедуваше тогаш дека истиот ќе работе во наредниот период да овие загуби на вода да се намалуваат. Од оноа што го имаме од последниот извештај на ЈП Комуналец имаме намалување на делот на фактурирање за 127 000 м3 на вода. Ако ја земиме математиката колку е оноа кое што влегува во системот, тоа се околу 310, еве и Градоначалникот кажа дека се околу 310 м3/с. Тоа на годишно ниво е 9 литри да. 9,7. Да. 9,7 излева вкупната математика на годишно ниво. Околу 2 000 000 ви одат, 2 кома нешто ви одат за Неготино, околу 500м3 ви одат во Росоман и околу 2,4 фактурирате. Идејата на оваа дискусија, каде се оние 4-4,5 000 000 м3 кои што не се фактурираат, а се загуба на вода. Дали одат во отпуст, дали постои разлика на водостојот пред отпустот и после отпустот. Легитимни се овие прашања. Не знам зошто не сакате да дискутирате за оваа работа. Ако не постое разлика во водостојот, тогаш некаде водата ја нема. Сега ние зборуваме за некакви ситни дефекти и за некакви си ситни губења на вода дека се дупла повеќе од оноа што целото ЈП на годишно ниво го фактурира кое што го трошат граѓаните и ние сакаме да ве потикниме во наредниот период да работите, да овој проблем почните веќе да го решаавате.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ние очигледно исто зборуваме, ама пак не може да се разбериме. Од 280 до 310 литра стигат вода од Лукар во цевководот на Лукар кој што е заедничка вода за Росоман, Кавадарци и Неготино. Не можеш сега ти да ги зимаш математиките на 310 литра. Максимумот е 310. Имаме моменти кога е 280. Значи за тоа може да си извадиш од скада систем секојдневно кој е протокот. Една третина оде за Неготино, од 15-18 литра одат за Росоман. Значи тоа не сум го измислил јас. 81-ва е граден водоводот и тоа. Значи кај нас влегуват од 225 литра во секунда максимум, минимум 180 во секунда. Треба да видиме кога се 180, кога се 225. Тоа треба

мониторинг да имаш ти, 24 часа онлајн, уред треба да имаш и сега советниче Вуко ако е воа цевководот од Лукар што ни стига, воа е филтер станицата, воа е базенот. Филтер станицата праве од 15-20% загуба на вода. Константно, секојдневно 15-20% загуба на вода. Таа загуба на вода, тоа си го кажав рефрешот што го прават филтрите, ка ќе се заситат од муљ, тиња, песок и други работи се враќа назад и таа загуба на вода што ја прават од дотокот на Лукар не е загуба, не можеме да ја третираме како загуба. Таа влева во Луда Мара, како се перат филтрите влева во Луда Мара со цевковод. Секогаш базенот е на прелив. Истата вода влева во Луда Мара. Кај да ја носиме ваа вода. Нема кај да ја носиме. Викате да налеваме зелени површини. Зошто бре да ја земам оваа вишокот, кога јас вода имам низ цела Општина. Секаде под притисок, под напон и поливаме зелени површини. Иста е водата, од горе испаѓа или од доле, вишок е. Ако дојде момент како 2001 или 2002 беше, кога имавме сушна година, водостојот беше катастрофален, а видивме Луда Мара реката и притоа без да работат хидроцентралите кои се на Хидро Бошава немаше вода, во тој момент ние дозимаме вода од вториот водоснабдителен систем на Хидро Бошава од 50 до 100 литра. Оваа година тој водоснабдителен систем до денеска, од 01.01 до денеска не е ставен во функција, не е употребен и гледаме максимално да се намале потрошувачката на вода во градот, да нема загуби затоа што водата ако ја земиме од тој водоснабдителен систем ја плаќаме екстра 3,5 денара по м3. Значи тоа гледаме капка да не капне плус. Кога има вишок има, кога нема вишок ако почнат да паѓат нивоата на базените, падне приливот на вода, а се зголеме енормно потрошувачката само во тој момент зимаме вода од Хидро Бошава и може да зимаме 5 дена, па 4 да прекиниме, па ден да земиме, па 5 да прекиниме итн. Нема константа таму за цело време да зимаме, затоа што нема потреба, така е системот направен. Вишокот на вода нит може да го продадиме, нит може да го дадиме на земјоделците, нит може да го ставиме во каналот на Водостопанство, затоа што ниту е наша ингеренција, ниту таква дозвола имаме. Мора да го испуштиме во реката. Минималнота биолошка заштита на реката не е наша обврска. Обврска е на Водостопанство и на Хидро Бошава. Регулацијата на реката Луда Мара се регулира од Моклишкото Езеро. Колку е тија минимален биолошки проток. Нашето може да биде само плус екстра кое што го пуштаме во водата и незначително на 500, 1000 литра во секунда вода е Луда Мара. Луда Мара во моментот има 2000л/с. Значи летно време паѓа до 1000, а во екстремни случаи паѓа и над 100. Значи не можеме дца ги гледаме работите од денешна гледна точка, од вчера или за утре. Ако е целта да знаеме колку точно имаме

загуба на вода, што плус, минус 10% никој не може да го израчуна. Тогаш може да ставиме на вишокот бројчаник кој што го спомнавме. Тија бројчаник да го мере вишокот на вода, али ќе мора да најдиме начин дали паушално, дали по м2 зелените површини, дрворедовите и се друго да го контролираме колку троше вода, а тоа пак ќе зависи дали јуни ќе биде ваков или ќе биде ка пред 3 години 40 степени. Ние сега во моментот на зелените површини немаме пуштено вода досега. Нема потреба од наводнување. Системите за вода што ги спомнувате, што ги периме улиците, пожарната, цистерните за вода не полнат вода од водоснабдителниот систем Лукар, полнат од екстра системот кој што е направен со 20л/с спроти депото. Од таму полнат вода. Спроти депото. Сакалиев го спомна за цистерните. Кажувам кај полнат вода и ние имамем 20 л. техничка вода. Што е разликата. Ние не продаваме вода бе луѓе. Не фактурираме вода. Ние фактурираме услуга. Што помалку ќе не кошта. Услугата помалку ќе ги кошта граѓаните. Водата нема цена. Ни во еден момент водата нема цена. Нема утврдена цена. Ние фактурираме одржување, преработка, филтер станица, дефекти, се. Ка ќе ги сумираме на 3 години поделено на толку жители, Регулаторна ни вика нас цената ќе биде од 22-25. Ако не домаќински работиме и ако работиме не само по основ на водата, не дај боже недомаќински се работе, нема реализација Комуналец, нема реконструкции, нема било што, а сето тоа го праве трет изведувач и го плаќаме екстра, тоа влева во бруто трошокот на Комуналец и Регулаторна од 25 ќе ја дигне водата на 35, за да ЈП биде рентабилно, со позитивна нула. Зошто е смислена Регулаторна Комисија да ги контролира вија работи. Само заради една единствена причина, да нема популизам и да нема предизборни ветувања. Ќе ја намалам цената на водата. Не постое виќе тоа во вокабуларот на политичарите. Не од тебе зависи тоа. Ќе ги ослободам од надомест вода да не плаќат. Не зависи од тебе брат. Си има Регулаторна Комисија. Затоа што со таква политика 30 години уназад 75% ЈП-ја се со блокирани сметки во Македонија. Со блокирани сметки. Јас не негирам и тоа јавно го кажав и на трибина политичка и на партиска и на Совет и сегде дека ЈП кај нас е во одлична, солиднакондиција и дека домаќински се работе 20 години и во Општината и во ЈП. Не измислија топла вода. Не го негирам тоа. Дека Кавадарчани работеле домаќински, колку пати ми е спомнато. Еве пак ќе го спомнам. Од 90-та година, па наваки, од самопридонес за спортска сала, за болница, хидроцентралите благодарение на Марјан Ѓорчев и ред други работи, секоједен кој што дошол направил некој иновитет. Ако не била таа скада системот направен у некое друго време пред нас, ние сега ќе имавме страшен

проблем со водата. Затоа ви викам, водоводот 90% е решен во Општина Кавадарци. Дел со грант, дел со средства на Општината, дел со иновитетите кои се воведени, скада системот, меѓу ретките општини кои што го имат скада системот, контролирањето и се. Ние имаме сега работа и тоа го работиме со последниот КВФ атмосферската канализација, поројниците да ги фатиме, канализационите системи и колекторот да си го дотераме како што треба. Тука ни беше подзастаната работата и тоа кога ќе го завршиме после ќе одржуваме и ќе гледаме да се шири тоа што треба да го прошириме како град. Во друг град ЈП земете извештај и видете колку праве реконструкции на годишно ниво, што е благодет за едно ЈП, пошто ниедно ЈП само од себе не праве реконструкции, затоа што платата и вака и така оде. И вака и така оде. Работат само дефекти. Е кај нас реконструират. Тука е придобивката. Од последните поплави на наредниот Совет ќе ги дискутираме и поплавите и пропустите кои што треба да ги решиме и долниците и колекторот и сите работи за на граѓаните му олесниме ако од 100 литра дожд се поплавуваат , ние да постигниме ниво и до 150 литра да не се поплават . Тоа е целта, а не дај боже елементарна непогода да дојде, 200 литра, до 250 нема бегање од таа работа. Значи истото го зборуваме, трошок за водата што е донесено до базените нема, не може да ја намениме никако, единствено што можеме да направиме, ама Сакалиев еве прво да направиш да направиш централа, треба да направите и ставете го тоа броило, направите анализа колку имаме вишок, у кои моменти е вишокот, у 12, у 10, оти таа централа не може да праве тргни, застани. Еве го , стручњак е за централи, нека каже. Ако од централата произведува 5 kw што ќе ја правиме. Значи сега се усогласивме дека вишокот на вода да го најдиме каде е, значи знаеме каде е преливот, зелените површини, евентуални загуби по дефекти и по линии, евентуални кражби. Таа е цела работа . Јас не верувам дека вија народ е толку расипан и дека има многу кражби. Не верувам во таа работа. Директоре ако има нешто да дополниш, дополни, види, значи тоа е.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Градоначалниче, Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници. Прво сакам да кажам Претседателе како прв меѓу еднаквите најтранспарентно и можам да кажам предходните 4 мандати бидејќи како Раководител сум бил присутен овде, ги водите седниците без разлика може да ми се налуте некој претседател преходен овде, меѓутоа еден од најдобрите, знаете кога да ги смирите тензиите, знаете кога да направите нешто и не се слагам со претходните дискутанти дека Претседателот е пристрасен и не ги води седниците најдобро. Значи сметам дека сте по мене може

и во претходните 4 совети кај што сум бил присутен еден од најдобрите претседатели. Вака сега мојата страна е бројките. Од Регулаторна Комисија за енергетика, значи загубите од вода спомнавте ЈП Комуналец 60%. Во Скопскиот регион, Скопје главниот град каде што се институции е 60% исто загубата на вода. Полошкиот регион Битола, Прилеп 73% е загубата на вода. Источниот регион 68% вода. Северно-Источниот регион 74% се загубите на вода. Друго нешто со ова сето што дискутираме, ова сето се вика воден биланс и ние ги имаме тие бројки. Да се надоврзам на Градоначалникот како што кажа. Значи вкупната вода за 2022 –ра што влегла на ЈП Комуналец се 6 685 632 м3 годишно и сега тука ќе одиме по термини за да се разјаснат работите, а наредниот Совет ова може и на писмено да ви го доставам. Легална потрошувачка 3 160 139 литри вода. Значи ова е само со 5 % грешка. Легална потрошувачка 2 488 238 м3 годишно. Измерена фактурирана потрошувачка е 2 359 684 годишно м3. Неизмерена фактурирана потрошувачка. Значи ова се паушалите, Како што кажа Градоначалникот значи во овој дел превзимаме работи. Значи ќе добиеме водомери, ќе купиме водомери. Неизмерена фактурирана потрошувачка 128 551 000 м3 вода. Фактурирана вода вкупно ја кажав претходно. Нефактурирана легална потрошувачка 671 901 м3. Измерена нефактурирана потрошувачка 7930 мислам за фонтани, за нешто друго, за се имаме бројки точни. Неизмерена нефактурирана потрошувачка 663 971 м3. Комерцијални губитоци 223 054 м3. Нелегална потрошувачка 16 425 м3. Тоа се дивите приклучоци. Сега оваа акцијата по информацијата, значи и наградите што ги предложи Градоначалникот , што ќе бидат наградени, значи се во тој контекст да ја намалат оваа нелегална потрошувачка. Значи превзимаме мерки, не спиеме. Неточноста на водомери, грешки при ракување 206 629 м3. Физички губитоци, се мисле за нели преливи, дефекти, кај што се перат филтрите 3 302 439 м3 или вкупно 4 197 394 м3. Значи имаме податоци се. Имаме бројки. Воден биланс се вика тоа и воа се по категории, која легална и таа е фактурирана легално и колега еднаш ти го кажав, кога се сложи ти со ова значи знаеш дека ги имаме податоците и не е убаво сега да измислуваме топла вода. Благодарам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: ЈАас и колегата добро се разбираме. Колега знаеш што не ми се свиѓа. 2 000 000 фактурираме, 3 000 000 за перење филтри. Тоа мене да му убедиш. Така ми читаше ти. 3 000 000 за перење на филтри . Сега слушнав. Јавноста слуша. Ќе го преслушаме тоа колеги. Треба да внимаваме. Ние 2 000 000 фактурираме, а 3 000 000 за перење на филтри. Колега никој нема да ти верува.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, колеги советници, почитувани медиуми и граѓани на Општина Кавадарци. Чуствувам морална обврска да кажам дека досега ниеден советник од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата, ниту употребувала, ниту навредувала, нити ќе користи вокабулар кој што не е соодветен на оваа говорница. Затоа доколку колега некој ве навредувал, ве молам да го кажете, да си го поправе вокабуларот. Дофрлувањето значи не е навредување. Вокабуларот кој што го користат други советници треба да си го поправат. Што се однесува до точката за фактурираниот долг. Не верувам дека ЈП Комуналец ќе сака да фактурира помалце од она што е потрошено. Значи нема да им влезе во буџетот. Тука би сакал да ги поздравам и да ги охрабрам граѓаните на Општина Кавадарци за рационално користење на водата и да оваа бројка влезе во рамките на европските вредности кои што ни тежнеат да станеме дел од Европската Унија. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Само кратко и тука ќе ја завршам мојата дискусија. Значи само спомнав дека постојано ми дофрлате. Како што види колега јас многу ретко дофрлам од место, скоро никогаш и мислам дека треба да се почитуваме едни со други и да дискутираме на оваа говорница онака како што треба, без да ми дофрлате. Не може јас кога дискутирам пола советничка група ваша ми дофрла мене. Дали е тоа во ред, без да реагира Претседателот. Мене само тоа ми беше замерката. Втора работа. Ќе бидам краток Претседателе. Втора работа. Во делот на овие податоци кои што ги читаше Горан, тие споредби кога ги правите мене ми изгледа таа работа како детето кога си иде дома кај татко му и татко му го прашува колку единици имаш. Ама Горан има 10. Е така ми изгледа мене таа споредба ти што ми ја правеше колега. Јас на крај би заклучил мислам дека треба да туриме ако више сакаме да најдиме кај е таа загуба на вода, ставите си бројчаник, мерило на влезот, ставете си на отпустот и да видиме колку од водата се фактурира, колку оде загуба вореката и да бидиме на чисто и да го имаме тоа као податок секој пат.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници сметам дека доволно енергија се изгуби на оваа точка. Се дадоа различни размислувања. Сметам дека исцрпен е претресот по оваа точка. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 10 за. Диме. За. 11 за. Против. 5 против и 1 воздржан.

11. Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на начинот и цената за промена на статус на корисник на услугите на ЈП Комуналец Кавадарцидонесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

12. Одлука за давање согласност на Одлука за определување на надомест за противправно приклучување на водоводна и канализациона мрежа на водоводниот систем Лукар,донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

13. Одлука за давање согласност на Одлука за давање на донација на ЈП„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно.

14. Одлука за давање согласност на Одлука за давање донација на Синдикална Организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

15. Одлука за давање согласност на Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2023/2024 во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

16. Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на работното време на вработените во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Извини Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, присутни, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Значи на денешниот дневен ред е ставена точка на дневен ред е Одлука за утврдување на работното време на вработените во ЈОУДГ„Рада Поцева„. Значи ова одлука е стандардна што ние како Совет ја донесуваме, значи минатата година и сега, со која што се утврдува работното време и тоа е во ред заради тоа што и претходната одлука беше таква. Значи мојата дискусија ќе биде насочена во правец на размислување на Секторот образование во рамките на Општина Кавадарци и вработените во Детската градинка и пред се тука е присутна директорката за поефективно искористување на работното време во детската градинка. Значи градинката работи според одлуката од 6 часот до 18 часот, но сега после 15, 16 часот во градинките каде и да отидиме ќе има по едно, две, три деца. Значи ефективно се работи до 15 часот , а до до мене сигурно често и до вас другите советници доаѓаат често барања од родители дека имаат потреба од втора смена на работење на градинките бидејќи нели во

приватен сектор, па и во државен значи некаде во институции, во претпријатија се работи и втора смена. Нормално градинката не може да работи како што работат и другите, значи да има втора смена од 14 часот попладне до 22 часот, но сметам дека може нешто да се направи со цел да се искористи ова работно време, како што е и ова одлука го кажува, а да испадниме во пресрет на барањата на нашите граѓани. Значи треба да се направи истражување. Разговаравме вчера на Комисија директорката кажа дека претходно има направено истражување и дека бројот на заинтересирани лица не е така за да може да се направи некаква промена во организација на работењето на детската градинка. Значи некои други родители сфатиле дека децата може да бидат две смени во градинка, но сметам дека може да се направи во тој правец што да речиме втората смена би била од 10 или 11 часот до 18 часот. Значи не е нормално дете да се носи од 6,7 да биде до 18 часот, значи не е здраво некое дете да биде 12 часа во градинката, но може да се направи смена од 10,11 до 18. Со тоа ќе испаднеме во пресрет на родителите кои се втора смена. Значи неколку часа наутро родителите ќе бидат со своите деца и после ќе ги однесат во градинка во 10,11 и тие деца ќе бидат до 18 часот. Секако дека некои други членови од поширроката фамилија се задолжени за чување на децата додека родителите се втора смена и многу ќе им значи на сите тие кога детето нема да треба да го земат во 15, а ќе го земат во 18 часот и друго има родители што работат само втора смена. Кај нив се јавува проблем бидејќи не сакат детето да го носат во градинка затоа што сакат да бидат со тоа дете да поминат неколку часа пред да одат на работа, а детето сака да има воспитни, да биде присутно во воспитните програми и затоа кога би воведиле ваква смена може да има на располагање и воспитувач кој би работел со тие деца во втората смена, односно после дневниот одмор, после 14 и 15 часот. Јас сметам дека користејќи го ова работно време според ова одлука ние како градинка можеме да му испадниме во пресрет на тие родители, да ги задоволиме нивните потреби. Сметам дека можат да размислуват и да видиме што може пак да се направи некое истражување и како почеток нормално не мора да почне во сите градинки него може во некоја од градинките кај што ќе има најголем интерес од родителите и да видиме како тоа ќе функционира и сметам дека на тој начин навистина ќе го искористиме максимално капацитетот на нашата градинка и ќе излезиме во пресрет на барањата на нашите граѓани. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке за вашето излагање. Дали некој друг бара збор. Повели Директорке ајде на кратко образложение.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУДГ“ РАДА ПОЦЕВА” ЦАНКА ДОБРИНОВА: Почитувани присутни пред короната имавме една ваква идеја и од страна на Министерството. Дозволиво е и со нашиот Закон за детска заштита да

има и втора смена и работење во сабота. Имаме една анкета направивме со родителите и почнавме и саботини да отвараме, меѓутоа немаше заинтересирано. Е сега може да направиме една нова анкета, меѓутоа како што рековте советничке тука треба да се направе една детална анализа и секако не ќе можат да работат сите градинки. Тука ќе бидат може опфатени деца од сите возрасти, на пр. од 9 месеци до голема група. Тоа значи дека секој родител не сака да го носе детето во мешана група, оти тоа ќе биде на ниво на сите објекти. Ќе се направе анализа и можеме да направиме кои родители се заинтересирани, меѓутоа како што рековте и дека за воспитувачка секако, чим се работе за поголеми деца не може групата да биде без воспитувач, ќе направиме, мислам и ние си имаме организација на време. Јас можам да се допрашам и до колешки да видиме дали и они работат втора смена и да пуштиме од септември на пр. да направиме една анализа дали стварно има заинтересирано родители, бидејќи првиот пат ние кога ја пуштивме анкетата родителите мислеа од сабајле до вечер. Значи такво мислење они имаа, од сабајле да го донесат детето до вечер, меѓутоа градинката и сега работе од 6-6 и мислам дека родителите треба да гледат и да бидат повеќе време со своите деца. И тоа треба да се гледа. А инаку нема проблем од наша страна ќе правиме анкета од септември.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Сакам да дополнам. Веќе кога толку многу ни е загрижена јавноста, а знаеме дека наталитетот ни е паднат и раселеноста во државата ни е на екстремно високо ниво и тоа го гледаме секојдневно еве еден апел до Владата, а ќе го пренесиме преку советниците и Кординаторот и Претседателот на Општинскиот Огранок јас предлагам како во Кина родилка 4 години да има породилно. Е у Кина е така. Ни да го гледаме денски, ни навечер. 4 години да заслуже една мајка да има породилно отсуство и во тој случај ќе си имаме здрави деца, здрава популација, а вака популистички да дејствуваме. Вие ќе предложите и навечер да ги чуваме децата. Значи дај да видиме која е реалноста. Викате само втора смена одела на работа одела некоја. Таа да пријаве веднаш во МТСП, тоа не е законски. Како може само втора смена да работе. Абе каква странска шпедиција.Не смее само да оде втора смена на работа. Си има Закон за работни односи. Недела неработен ден. Вие го донесивте законот плус со малолетни деца имаше и други таму привилегии. Така да градинката нека направе анализа да видиме кои се реалните потреби. Јас колку што имам информација нашата градинка до 16 часот ги чува децата така. До 18. И мислам дека е многу коректно работното време до 18 часот. Ако земиме во обзир дека 9 месеци или 8 месеци се стемнува пред 17 часот. Така да мислам дека треба да се направе анализа, а еве како предлог породилното отсуство еден од брачните сопружници, пошто дозволено е и машко и женско да земе нели да биде до 4 години породилно отсуство.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Градоначалник ако може кон ова барање да се поднесе и родителите до основното образование, завршување до 4 –то одделение или 5-то по наше, да еден од родителите има и скратено работно време од 4 часа.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Сите тие барања значи легитимно е да се дават таму каде што треба. Значи во Парламентот и преку вашите пратеници нека се поднесат како барање. Мислам дека моето излагање беше бидејќи навистина има барање од граѓани и мене ми е баш мило кога ќе слушнат дека нивното барање е пренесено и тоа како што кажав значи градинката пак би работела до 18 часот, треба само мала реорганизација внатре и предлогот вреди да се размислува. Дали ќе може да се спореде тоа ќе го покаже анализата и мислам дека предлогот беше сосема во ред.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник од ултра капиталист како седнуваш на оваа страна до Круме стануваш најрадикален социјалист и левичар. Јас би ти препорачал почесто да седиш до него се со цел да имаме слични идеолошки мислења. Ти благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Знаеш како. Ским си таков си. Друштвото и тој што се друже сам си одлучува со кој да се друже и кое друштво му прија, меѓутоа дали е левичарско размислувањето или десничарско, јас не би рекол дека е само левичарско, затоа што еве во Норвешките земји петок веќе е неработен ден. Доколку ние бидеме совесни, свесни и ги исполнуваме работните обврски како нација и државна администрација јас мислам дека комотно може и кај нас петок да биде неработен ден. Кај нас е проблемот што од понеделник до четврток не се работе, а не петок. Знам каде точно во Министерство и во Влада. Во Општината се работе. Знаете тука сте, присутни сте. Земете телефонот во петок, најдете некој во Министерство. Ако најдите наградна игра. Така да може да се направе мониторинг на ефикасност на вработените. Вие едно време го промовиравте и тија некој вештачки интелегенции, како го викаа тој роботот. Каде е сега тија. Кај отиди. Како му беше името. Значи напрајте го тоа, видете каде, што може да се направе. Еве јас предлагам и петок да биде неработен ден, пошто и онака во Владата, пошто во моментот ја води ДУИ како Влада и во петок се сите на џума во 12 часот и не се враќат на работа, па зошто нашите да седат после 12 саатот. Дај да ги ослободиме и нив. Да има една еднаквост.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник пак ќе ви споменам. Добро е почесто да седите тука се со цел иделошки да ги прифаните вредностите на социјалдемократијата на Левицата модерна и добро е што сте таму. Јас се надевам и ве потикнувам чим имате толку желба да дискутирате за нацѝонални политики да се кандидирате нареден мандат на парламентарни избори и сите овие благородни идеи да ги предложите во Собранието како предлог на закон, а тоа кој ја воде Владата, Владата си ја воде Премиерот и министрите. Сакате да направите

и да играеме тука на подгревање на национални тензии. Више имаме една дебата таква, не заврши славно по вас. Да не ја чепкаме таа тема.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Желбите и можностите на секое лице што се бави со политика се лични и индивидуални. Потезите се самостојни. Секој си одговара за неговиите постапки, така да не би завлегувал во однос на тоа кој, што и како би бил.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Да значи во делот на тоа кој, каква иделогија има за жал во моментот СДСМ ја изгуби иделогијата. Значи начисто ја изгуби иделогијата. Само тоа викам ВМРО се држе до иделогијата што ја има 90%. Вие значи комплетно ја изгубивте иделогијата и затоа не можам да ве дешифрирам кај сте.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега ме игнорираш. За колегата Вуке е ова. Два пати излегуваш и кажуваш Градоначалникот седе до Левица, а нели ти е јасно дека до мене седе. Нели постојам јас за вас. Овие независни советници како да не постојат.Ама ме вреѓаш мене и јас сум тука. Увреда е едниот советник постое, другиот не.

17. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Маневски.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Оваа точка Предлог Правилник за изменување на Правилникот од ЈП Паркинзи ќе го искористам за да ја искажам мојата загриженост за тоа како се третираат едногласно донесените одлуки на Советот на Општина Каваадарци. Ќе извадам еден цитат од Записникот од 27 Седница на Советот на Општина Кавадарци и тоа од Претседателот Стојанчо Рамов. Значи Консензуално Советот на Општина Кавадарци усвои, односно се договори да му наложе на менаџерот дека Управниот и Надзорниот Одбор, а за наредната седница на Совет на Општина Кавадарци да изготви две одлуки. Тие две одлуки се состојат во следново Регулирање, односно да нема цена на билет во сабота од 14 часот до 21 часот и после вториот час од паркирањето во тек на наредните 4 часа, кога е поставен блокаторот пајакот да не ја крева таа кола, а потоа да се наплати и блокаторот и пајакот. Тоа е задолжение косензуално, едногласно од советниците договорено за ова точка. Што сме се договориле и изгласале едногласно, консензуално пред две седници, а каков предлог за промена на Правилник имаме на оваа седница. Тоа што е изгласано и тоа што е дадено сега како Предлог промена на Правилникот е нешто сосем друго. Во ниедна од овие точки на кои што сите сме го дале гласот за, сите едногласно нема никаква поврзаност. Јас сум искрено загрижен за тоа како се

третираат одлуките на Совет кои што сме ги донеле косензуално и еднногласно. Значи како тоа да нема никаква тежина.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитуван Советник на таа точка не се изгласа заклучокот. Значи на гласање не беше ставен број еден. Број два. Извештај и барање од Менаџментот и Управниот Одбор е нивно. Едно е гласањето на нашето мислење за тие две точки. Тоа не го ставив на гласање. Значи тоа не одеше со гласање за или против. Значи да те исправам. Таа точка не беше ставена и Извештајот за гласање. Ние му дадовме, односно му наложивме на Управниот Одбор, Менаџментот и Надзорниот Одбор да изготват нивно барање и овој Предлог Правилник е на нивна инцијатива, а тоа дека заклучокот беше гласан не беше гласан. Дали сум јасен. Оти ако беше гласан без Управен и Надзорен Одбор не беше ставен како точка. Дали сум јасен.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Кога ќе дојде на ред таа седница кога ќе го добиеме Предлогот кој што консензуално и едногласно еве сме дале подршка да биде предлог до ЈП. За тоа што во вашата изјава стои дека за наредната седница. Еве втора по ред го нема. Кога ќе биде. А ова што го добиваме денес е нешто сосем друго. Да бидеме фер и коректни.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кога ќе ни го наложат Менаџментот заедно со Управниот и Надзорниот Одбор тогаш ќе го ставиме на гласање. Точката не беше ставена на гласање. Дали некој друг бара збор. Повели Мелов.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ако сте имале и вие став и сме биле еднистевени, едногласни тогаш треба да му го гласаме сите против и да му го вратиме со напатствие да си изготват нов Правилник. Ако сите сме сложни тука дека 24 часа треба да биде од ставање на блокатор до кревање, односно отстранување на возило од паркинг место, ако сме сите сложни за тоа, а тоа го нема сега со промената на Правилникот, се менува од 3 на 6 и ако сите сме се сложиле дека обемот на часови на платен паркинг треба да се намале, тогаш треба да му го вратиме ако држиме до својот став. Ако не држиме, денеска едно, утре друго ќе си пројде вака Правилникот. Така ве повикувам и вие како мнозинство на Советот да гласате против. Ви благодарам.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитувани граѓани, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитуван Претседател на Совет, останати присутни, медиум. Значи конкретно за оваа точка на минатиот Совет барем јас гласав, барам нели после мојот говор ако може Записникот кој што е од минатата седница говорот на, ми се чине Директорот на ЈП, каде што кажува дека оваа инцијатива на Советот која што ја предложивме ќе ја разгледаат таму како претпријатие, ќе предложат таму до Управниот и до Надзорниот Одбор доколку е прифатливо нели ќе го достават онака како што ние како советници го предложивме овде да се гласа. Доколку не е прифатливо

и не е возможно, а според мене мислам дека не е возможно 24 часа да се постави еден блокатор и да стои 24 часа на едно возило. Не знам преиспитајте се, видите дали е тоа возможно. Од страна на претпријатието, направена е анализа, донесен е заклучок, изгласан и донесен на Управен и Надзорен Одбор како Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите и така е доставен до нас како советниците. Ние како советници треба нели тука транспарентно, логично да провериме дали тоа што е доставено до нас е за да се гласа позитивно или да се гласа негативно. Според мене овој Предлог Правилник за изменување е прифатлив и јас би гласал позитивно. Така да ако имате некои конкретно сугестии и предлози кои што држат вода, тогаш може да ги разгледаме пак, да се врати пак на ниво на ЈП, да се донеси од страна на нивниот Управен Одбор и тука ние да го гласаме. Ние не можеме тука да му наложиме на ЈП Директоре вие ќе донесите толку часа блокаторот да стои на едно возило. Не ние може да наложиме ЈП да го разгледатоа преку нивните надлежни органи Управен и Надзорен Одбор да го достави до Совет на Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Или е лошо формулирано или колега ве имам лошо разбрано. Ја дискутираме таа работа една година. Ние рековме минатиот пат и Градоначалникот даде подршка и Паркинзи. Тој што му ставаш блокатор по грешка, дали не пуштил порака, дали неправил грешка е паркиран правилно и казната на блокаторот е 1000 денари и ние носиме одлука 24 саата да му стое блокаторот на него, ние викаме во 24 саати да не доаѓа другата машина, дупло да го казни тогаш. Грешка е направена. Значи ми ставиле мене блокатор, сум згрешил во порака буква некоја, бројка и си сносам одговорност, ме казнуват 1000 денари. 1000 денари се пари. 30 денари ако е паркингот, тоа се повеќе од 24 саати и јас сум платил, ако сум стиснал 24 саати, место 1 час, акосум стиснал 24 саата и таа казна е доволно. Тоа не значи дека тој треба да го држиме врзан 24 саата да му ја заробиме колата. Колеги ние немаме право на некој да му ја узурпираме, да му ја заробиме колата кога е правилно паркиран. Ние треба да најдиме начин да му наплатиме. Имам искуство од Охрид кај што Паркинзи ставаат, го врзуваат возилото со шепа, со канца, луѓето тужат и на суд добиваат. Има хитна потреба, правилно се паркирал, неплатил и ти го врзуваш и не може да заврше работа, да оде до болница. И сега што е тука неспорно, што е спорно, што е проблем, не е 24 саата да го врзам, да не му ја давам колата. Си ја платил казната со тие 1000 денари за пола саат или саат го фатиле, го одврзале, си отишол, ама ако не дојде и до 24 саата да немаме право да му викаме пајак да го дига. Тоа е одлуката. Тоа е нормална одлука што ја прифативте и вие и Директорот и Градоначалникот и ние и сега кај вртиме толку време, волку време. Колеги луѓето воа ги интересира и го гледаат. Ај да се договориме ако не е толку хитно да не го гласаме сега или да

направиме гласање со забелешка, да бидиме конкретни, точни. Значи казната е многу. Дуплираме дупло, тродупло казни. Зошто. Нема потреба. Сум згрешил, ме казнил 1000 денари и готово, ништо за пола саат, саат или два и тие се добри пари што влегуваат за еден саат 1000 денариказна. Колку треба да влева.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели реплика Тони.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Колега Сакалиев со сета должна почит со годините што ги имате поминато тука во овој Совет. Јас не ве спомнав никаде во мојот говор, но еве едно конкретно прашање од мене кон вас. Имаме 16 блокатори на располагање. ЈП има 16 блокатори на располагање. Што правиме во случај кога 16 возила во рок од 3,4 саата имаат направено прекршок или 5 саати колку треба таму. Се поставуваат тие сите 16 блокатори на 16 возила и граѓаните кои што се казнети моментално не плаќаат и 24 часа се држи тој блокатор на тоа возило, односно сите 16 блокатори така. И на некоја друга локација има друг кој што го прекршува правилото за паркирање кое што треба да се санкционира со блокатор, а ние немаме на располагање блокатор. Како во тој случај ќе го решиме тој проблем, односно таа санкција.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега ајде вака. И едното ќе ти го одговорам и другото. Немам злонамера ни према едни, ни према други, него граѓаните да ги заштитиме. Тој се паркирал и му ставиле канца. Дали во Јавното Паркинзи дали се десило на некој да му ставиш канца 24 саати да не се јави и после пола саат, саат се јавува, или ако касни третиот саат се јавува, оди на депото, повеќе од 3саати никој не паркира. Значи ние можеме да му ставиме казна, да му пишиме казна, ќе ја извадиме канцата и си плати 1000 денара, али директно ако сакаш да ти одговорам, ако имаме 16 канци и сите 16 луѓе грешат ги врзуваме, што правиме ако ти имаш 100 денара, идиш во продавница, зимаш роба за 300 денара. На каса што ќе ти направат. Ќе те вратат, нема да ти дадат. На граѓаните му е проблем што немаме канци. Па не треба да имаме канци. Има и друг начин да најдиме начин да му платиме. Еве јас ти викам дека турањето на канца не е законски исправно. Не смееш да му ставиш канца. Да си правиме муабет отворен. Канцата да му ја ставиш на возилото е противзаконска работа. Јас си паркирам правилно и ми стават канца. Не дај боже да имам хитна работа мојата кола ја нема и ми се ствара проблем. Зошто да имам проблем. Најди друг начин, наплати. Зошто да мораш канца да ми ставиш. Зошто да ми го заробуваш возилото кога тоа е мое и сум правилно паркиран. Тоа што не сум платил, најди начин наплати ми. Што е проблемот. Зошто да имам еве 100,200,300,1000 канци. Не треба многу канци. Сега ние вртиме зошто канца, зошто не канца. Дали казната од 1000 денари, што правилно се паркирал, ама згрешил, он е правилно паркиран, згрешил во порака, не пуштил или му бил испразнет телефонот или стиснал бројка грешка, значи направил грешка и на

грешка му зимаме 1000 денара. Или ако е неправилно пракиран во зеленило пајакот го дига и си плаќа 3000 денари. Ние правиме муабет дека тој е правилно паркиран, одбележано место, каде што е за паркирање, ама не платил . Е тоа што не платил он 20 денари ние му зимаме 1000 денари и тие ни се малку уште сега бараме ај па и пајакот, па уште 2000, 3000 денари за иста работа 3 казни, 4 казни, 5 казни. Колега не е ок, не е добро. Не значи дека јас сум против ЈП, ти си за, јас сум против Комуналец, ние сме сите исто заедно. Треба да ги штитиме ЈП-ја., да им помагаме, али кога ќе видиме дека некоја наша идеја дава некој бенефит и на фирмата и на луѓето треба да застанеме сите заедно. Што сега, ако овие се за, вија се против, за што, нема потреба. Да разговараме јас и ти како можеме да најдиме начин да не му ја заробиме колата, а да му наплатиме казна колку што држи вода. И сега ние се расправаме дали треба 10 пати да го казниме човекот, ај 50 пати, да му ја земиме колата. Дај да донесиме одлука. Ако е грешка да го плескаме и во отпад да го носиме. И еден, двајца плескаш, нема никој да прави грешка така. Сега не е така. 1000 денари на ова време е поголема казна од што треба да биде, ради тоа што тој е правилно паркиран. И сега ние те вака, те нака. Со заклучок да изгласаме тоа што треба да биди. Ако денеска сум турил канџа, 24 саати да не смееш пак да му тураш канџа или да го дигаш. Што е спорно. Не губи ЈП ништо. Го фатил, му турил канџа, си ги наплатил тие 1000 денари. Ние сега се бориме малку се 1000, дај уште да му ставиме да бидат 4. Не бива. Не колега не е злонамерно, ниту дека немам респект према тебе дека не те почитувам или пак према фирмата да сум против. Не. Ме сфати.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Колега јас не реков дека си против ниту едно претпријатие, но тука дискутираме за предлозите нели кои што ги даваме. Минатиот пат дадовте предлог нели 24 часа да стои канџа, сега викате е противзаконски да се става канџа на било кое возило и сега не можам да разберам за што се залагате да има или да нема.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега не дадов предлог 24 саати да стое канџа, дадов кога ќе му туриш канџа 24 саата време да не смееш друга казна да му туриш или да го дигаш. Тоа е мојот предлог што вие го прифативте и сега ми викаш Ти даде предлог да му стое канџа на него 24 саати, да му узурпирам кола, не дадов таков предлог. Дадов предлог двоструко, троструко да не го казнуваме. Со една казна од канџа каде што е правилно паркиран, за 24 саати да немаш право да го носиш во депо, му зимаш друга казна. Што е спорно. И Градоначалникот прифати и оваа советничка група и претпријатието прифати.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи овака. Логиката која е. Ако во А зона 1 час е 30 денара, 24 часа x 30 денара се околу 700, 720 денара. Значи тоа паркинг место денеска може да изваде 720 денара. Некој паркира

по грешка, правиме муабет само за прва зона, паркира по грешка во прва зона и ние му пишиме казна 1000 денара. Она што го зборува Ристе е сосема логично, он тоа место колку што може да заработе во текот на денот си го платил и повеќе дури од тоа, да не зборувам за втора и за трета зона. Зошто да му ја креваме колата после 6 саати и да му наплаќаме друга казна. Колку е 3000 денара е казната со кревање на кола. Јас зборував претходниот пат дека во ред е да се наплате казна, да се крене со пајак во случај непрописно паркиран. Зошто 6. Оној пат зборувавме дека треба да биде 24 часа кај што више он го плаќа целокупниот износ колку што може да заработи тоа место. Ако идејата е граѓаните да го финансираат и да плаќаат казни и да го финансира ЈП, тогаш излезете и кажете го тоа, полегитимно е тоа.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи почитувани советници многу нормално е вие да се разликувате и за тоа на избори бевте од различни страни. Народот си одбра тоа што си одбра и сега вие како да терате политичка кампања. И вие имавте во политичката кампања дека треба да се укине паркинг зона лево, десно, да не се враќаме назад. Разликувате ги работите казна, прекршок и неправилно паркирање. Јас одам за Скопје и возам со 25 над дозволеното и ме казнува 150 евра. Зошто. Што оштетив јас да ме казне 150 евра. Ништо не оштетив. За 25 над дозволеното. Од тука до Скопје 5 сообраќајни патроли има. Така да казната е казна. Ако разликуваме дека треба да имаме ред и поредок и култура, дека треба пред да се паркираме да имаме пуштено порака и да се паркираме тоа е многу нормална работа и затоа е така Правилникот. Дали е канцата законска, незаконска си има правилници и јас викам дека е законска. Второ во делот на она што го кажавте да е се дига колата после саат или два од ставена канца, го прифанавме да биде како такво. Јас предложив да биде 24 саата. Не се повлекувам од истото. Разговаравме технички пошто ние сега тука си политизираме, ка ќе дојдиме до технички да го реализираме тоа, имаме проблем. Значи канцата ако ја ставиме во 6 попладне, ние работиме до 22 така, мораме да ја извадиме до 22. Затоа рековме да биде до 6 саата. Има налепници такви. Ако е суштински и технички возможно, нека си кажат луѓето од Паркинзи во ред. Јас не сакам да дозволиме да некој биде повластен од некој друг и се понаша некултурно во општеството и притоа што јас секако неплаќам, па ако ме фанат, фанат. Тоа не е во ред. Значи треба да се има према сите исти аршин во делот на општеството. Ако еден сабајле ја паркира колата во 9 и не пуште порака и ние треба да го фаниме дека не ја пуштил пораката. Е тоа е казната. Значи ние сме го фанале дека не ја пуштил пораката. Абе дали е 1000 или 2000, во Неготино е дупло од нас. Не правилно паркиран. Паркинзите во Општина Кавадарци се на располагање на ЈП, нивна сопственост е, без трајно користење. Нивна сопстевност користење. Паркинзите не се наши. Паркинзите не се на никој друг, туку на ЈП се. Како што се контејнерите на Комуналец, како што се корпите на Комуналец, така се и паркинзите. Тоа му е основно средство за работа.

Паркинг. У светот имаш приватни паркинг гаражи. Значи он продава паркинг. Не продава воздух. Паркинг продава. Услуга продава. Да се паркираш како господин и да завршиш работа. Доколку при било какво дејство на претпријатието ти се оштете возилото или направе било што имат одговорност. Имат одговорност. Така да мислам дека казната и пуштањето на поракатa е многу различно. Во делот на она што викате вие згрешил, некоја буква лево, десно. Тоа се испарав во секундата. Милион случаеви имало такви, милион случаеви испаѓаа, дали е шеф на смена, дали е раководител излева и го решава тоа. Ако има пуштено порака, а е со техничка грешка, го има во систем, го ослободуваат од плаќање на казна. За техичка грешка не го казнуваат, казнуваат таму каде што не се пушта воопшто порака и пајакот јас ако веќе добро веќе резонирам и ги видете вие резултатите од ЈП за паркирање, нас ни е пајакот во загуба константно. 7 вработени. Дневно нема подигање ниту на една кола, неделно 2-3 коли дигаме. Значи ЈП Паркинг нас ни носе загуба. Дали е паметно да го имаме или да го немаме. Ако се усогласиме да го немаме, нека го нема, а ако немаме пајак што правиме во случај . Не изврнувам. Не подига пајакот ниту едно возило дневно, ти гарантирам. Толку е . Не е точно дека правилно паркираат сите. Имаме хронични проблеми, имаме проблеми пред Страшо Пинџур школото, имаме проблеми на Јаворот хронични, на 7-ми Септември, имаме проблеми на Стара Автобуска хронични проблеми, ама колку работиме и од страна на полицајците и од страна на тие од Паркинг , тука е суштинското прашање. Колку работат за да ја сработат работата. Значи она што го кажуваш ти Хитно треб да одам, а што ако има неред во градот и е блокирана улицата од х, х причини и не можеш да поминиш. Јас го гледам ЈП за паркирање за култура, за ред да воспоставе, а не на товар на граѓаните, тука да се политизираме дека ние ќе му ги земиме парите на граѓаните. Со последните две усогласувања од 1 300 000 денара на 1 900 000 е платата на ЈП месечно. 30% се повисоки платите од ланската година. Приходот од ЈП е 1 500 000 денара. Така е Таско. Бруто приход. Значи 400 000 додава Општината за да има ред, да личи на нешто и да нема проблеми. Само еден пример ќе ти дадам. Има случаеви каде што некој пред на некој гражата му ја паркирал колата. Ако го немаме пајакот како ќе го решиш тоа. Ќе се тепат луѓето по улиците. Не. Ќе си викнат полиција, ќе дојде пајакот со полиоцајци, ќе изрегулира. Значи јас пак ќе кажам пајакот кај нас, пајакот само во Скопје е рентабилен. У друг град во ниеден е нерентабилен и затоа даваме косубвенции во делот на паркирањето и затоа е 30,20 и 10 картата, не 50, 70,90 или било што. Знаете веќе која е вредноста на 30 денара. Само ви е јасно колку е 30 денара, ако една кутија цигари дојде да биде 150 денара во продавница. Значи во тој дел Претседателе јас само сакам да кажам да не испадне дека советниците се изманипулирани или дале поддршка за нешто или дали било изгласано или дали не било изгласано значи 6-те часа да не ја подигат колата беше ставено заради технички да може претпријатието да работе, не заради друго. Инаку ако може да го решава

со налепница, нека го решават. Нека го решават, немам ништо против и не сум против тоа, али сум против некои хулигани кои што намерно не сакат да платат паркинг и исттото го прават секојдневно. Е тоа не е во ред. И втора работа кога сме на таа тема. Еве јавен повик до МВР, до ОВР Кавадарци. Градот поседува и се практикува да се возат бугарски коли да си превземе МВР акција против сите бугарски коли кои што се во сообраќај пуштени, да си ги провере дали според закон се 3 месеци тука, 6 надвор и да си ги санкционира, а не за жмигавец да ме казне 50 евра, а оној што возе кола нелегално во градот да не го стопира воопшто и да ми кажат дали има евиденција или нема евиденција. Значи да бидеме рамноправни према граѓаните. Тие си ги плаќат нашите давачки и второ ако сакате донесете одлука за странска кола x10 да биде паркингот, па нека возе пак бугарска.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници едно мое гледиште околу оваа точка. Се слагам дека ние како советници заедно со Градоначалникот пред две седници на Советот на Општина Кавадарци му наложивме, а Извештајот не беше изгласан бидејќи немавме таква точка на гласање на менаџментот на Паркинг, заедно со Управниот и Надзорниот Одбор да изготват план како во две точки тоа што го баравме ние. Кај нас во Македонија секогаш кога некои работи не знаеш зошто мора така да бидат секогаш во позадина барај ги парите. Ние имаме како советници, сакаме да се докажиме пред граѓаните на Општина Кавадарци со одредени можеби популистички мерки, каде што во додворувањето на граѓаните. Пред се сме тука избрани да ги штитиме нив, забораваме на мнението дека одредени можеби наши заложби одат на штета на ЈП. Пред се ЈП, посебно ЈП Паркинг е више 4, 5 години една успешна приказна на територијата на Општина Кавадарци, бидејќи знаеме во минатото како беше градското подрачје со паркинг места. Мое гледиште за заштита на граѓаните на Општина Кавадарци е пред се да се овозможе нивно овозможување на полесен пристап и разгледување за полесно овозможување на пристап за паркирање на нивните коли, забелешките да се имаат во предвид, меѓутоа пред се да се има во предвид на мислењето на ЈП за да може финансиски да опстое. Зошто тоа го викам. Ако одредени точки, одредени гледишта што ги даваме како Совет на Општина Кавадарци имаат голема финансиска импликација на работата и на финасиското работење од претпријатие Јавен Градски Паркинг и ние постојано со субвенции од буџетот на Општина Кавадарци го донираме во тоа ЈП, јас не ја гледам логиката на сето тоа. ЈП е рентабилно, ако биде на позитивна нула. Ако ние популистички имаме пристап кон тоа ЈП и се доближуваме до граѓаните, а "на крајот забораваме" дека тоа ЈП е наменето за нив, нема никаков проблем, финансиски ќе го опустошиме и на крајот од месецот некој мора да ја плати цената. Почитуван Менаџмент на Јавен Паркинг дали вие израчунавте колку е финасовата дупка што ние како Совет и Градоначалник ви го

наложивме пред две седници на Советот колку е финансиската импликација од нашите барања према вас како менаџмент.
ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРДАНЧО НАСТОВ: Почитуван Претседателе, почитуван Градоначалник, почитувани советници прва работа да тргниме од Предлог Правилникот кој што е сега на разгледување. Значи на основа на дискусиите, насоките, заклучоците кои што беа дадени од минатиот Совет, се разгледа Правилникот и нели беше кажано тука 24 часа да биде. Значи после она сето што го согледавме прво значи работното време е до 22 часот како што рековме. Друго значи немаме техничка можност, ниту некоја ситуација да направиме ние да го блокираме возилото, да стое 24 часа блокирано, значи тоа отпадна и затоа се тргна од тоа. Прво беше 1 час . Држи забелешката за тоа дека еден час можеби човек ќе заседне негде немој да го виде, меѓутоа направивме, предложивме, тоа помина на Управен Одбор да тој рок за дислоцирање на возилото биде 6 часа и по исклучок пократко, доколку е паркирано при крај на работно време. Така до 15 до 10 да се дислоцира. Зошто. Значи не е сега во питање она што советникот кажа Сакалиев ние ќе му земиме 1000 денари затоа што било блокирано. А овака друга ситуација да поставиме. Значи ние во А зона имаме, во А1 имаме 22 места. Тоа е улицата од киното до Ферчо. Имаме 23 станарски дозволи. Прво целта што е на Паркинг. Дали е целта да профитира или целта е да овозможи непречено паркирање и регулирање на сообраќајот во мирување, да секој си заврше работа и во секое време да најде слободно место кај да се паркира. Ај сега во оваа ситуација имаме 23 станарски дозволи на А1 . Од тие станарски дозволи, 13 станарски дозволи, 14 нека се паркирани цело време таму, остануваме со 8 празни места. Ако има 3 вакви возила кои што се блокирани таму и ние 24 часа ги оставиме, што сме направиле. Дали некој друг може да заврше работа. Значи не е целта во тоа дали зел 1000 денари од тоа. Него ако после тој рок 1 час, 2 часа, 3 часа не се јави, возилото да биде дислоцирано, бидејќи на тие улици треба да се овозможи простор некој друг да се паркира или заврши да си работа. Значи не е целта, ние имаме ограничен број на места и кои што 70 %, значи 1200 места кои се станарски дозволи, кои што се 900 денари на годишно ниво И сега веќе тие цело време се таму, се паркирани и сега и овие вакви 2 случаи ако има такви, 3 места нека се паркираат така и да ги оставиме 24 часа. Значи кое ќе остане слободно место, на централната зона на А1, да некој кој што има работа тука во банка, во институции да се паркира. Затоа е тоа, тоа. Значи ако во рок од 6 часа, не е тоа казна сега да ги блокираме од што сакаме да профитираме, па уште ќе го викниме пајакот, меѓутоа суштината на ЈП е да овозможи непречено паркирање и слободни места во секое време, значи она што е нужно, потребно да си заврши работи и да се тргне од тука. Ако оставиме така 3 возила, да ги оставиме по 24 часа да седат, што сме направиле. И затоа е предлогот. И втората опција

што рековме каде што може да биде пократко од 6 часа, тоа е во случај кога е паркирано 18,19 или 20 часот, да не остане со блокатор цела вечер истото да се дислоцира и да се ослободи простор да некој друг се паркира. Така да не е возможно тоа и не држи така, затоа што не е така логиката на претпријатието да го гледаме така бидејќи ние рековме треба да направиме регулирање на сообраќајот во мирување, кај нас е 30 денари, 20 денари, 10 денари а и ако сакате да биде тоа профитабилно, ако тргнеме така донесете одлука 30,40, 20 и ќе биде профитабилно, ама работата е да се направи ред, да се направи простор секој кој што сака да си заврши работа да си заврши. Второ беше разгледана и ситуацијата со паркирањето во сабота, ги извадивме сите тие податоци што се случува во саботите, а најдобри сведоци што се случува за време на пазарот од 7 до 13 часот кога не е регулирано паркирањето. Тоа е тотален хаос. Исто во саботините ги анализиравме ден по ден, зона по зона. Во другите денови ние имаме 50 % пораки до 14 часот и до 22 часот. Во саботините соодносот на пораки е 40 :60 % од СМС пораки се пуштаат во попладневните часови, буквално пред крајот на работното време. Пред крај на работно време кога намалува контролата веќе, контролорите се прибираат, од 21.30 започнува веќе уште поголемиот хаос, каде што започнува паркирање и на овие паркинг места, бидејќи бесплатно веќе после 22 часот на централните улици и на соседните улици, сега малку тоа се регулира со поставување на столбчињата, се избегна, меѓутоа мора да бидеме свесни ако сакаме да кажиме ние веќе говориме дека ако нешто треба да биде бесплатно, дај тогаш да биде бесплатно до 2 часот кога луѓето излегуваат, имаат некоја работа, одат во маркет, во институција да завршат, а сега од 14 часот до 22 часот во сабота, не работи ниту библиотека, ниту театар, ниту УЈП, ниту маркет, ништо, се излегува и тоа се токму зони на кои што гравитираат ресторани, кафиќи, казина и сега ние финансискиот ефект е едно, финанскиот ефект на крајот ќе ви го кажам колку е, меѓутоа не се работи од финанскиот ефект само, се работи затоа дека ние тогаш ако го намалиме работното време во сабота до 12 часот ќе направиме хаос во паркирањето, уште од 2 часот попладне, па до вечерта, а сега тоа се случува веќе после 21 часот и после 21.30 и малку се регулира со сите оние столбчиња кои се ставија покрај раскрсница, покрај казината, покрај ресторанитe, меѓутоа таа анализа е направена, а јас ги имам и извадено и другите работи и вредности кај се, да речиме Струмица е од 7-21 со летно и зимско работно време и од 7-17 сабота, Скопје е од 7-23, Радовиш од 8-18 часот, Тетово од 7-23, Прилеп од 7 - 23, Битола од 7- 21, во саботините зборам. Паркинзи под Скопје 7-23, Неготино од 8-15 и Охрид е од 7-23, меѓутоа секое претпријатие јавно за паркиралиште секое си има своја специфика од конфигурација на терен, распоред на паркиралишта, од број на возила, така да ние го разгледавме сето тоа, ги извадивме сите податоци, анализирани се така на Управни Одбори, Надзорни Одбори, се заклучи дека не треба и нема

можност, сето тоа би било популистички, ние сега ќе ги спасиме граѓаните да не паркираат во сабота и само ќе направиме уште поголем хаос, а инаку што се работи за финансиот ефект кој што споредн во сето ова, значи на основа на број на СМС, кои што се извадени и приходи кои што се остваруваат тоа на месечно ниво се 170 000 цифра или на годишно ниво цифра се некаде 2 000 000 денари, кој што како финансиски ефект би бил негативен, тоа е импликацијата од финасискиот ефект. Да. Меѓутоа уште побитно и позначајно е тоа што свесни сме што се случува, само излезете во сабота од 7-13 на пазарот кога е нерегулирано и работните денови среда и петок кога е регулирано. Исто ќе се случе и овие денови значи, поготово тие се ударни делови каде што гравитираат сите овие ресторани и кафиќи, значи ќе се случи уште во пладневните часови, во саботините.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас како Градоначалник значи ги застапувам сите страни и сум најобјективен према граѓанството, ама сега после 5 саати ни текна дека вија нас не зафркават цело време Претседателе и сакат енергијата стварно да ни ја истрошат негативно и непродуктивно, после 5 саати ни текна. Они сакат 2 000 000 денара да го оштетат претпријатието. Тоа е една месечна плата. Значи за да бидеме неуспешни дај да си бркаме работа, воа е ЈП луѓе. Нема Совет што не е доскитиран. Од кога сме тука секој божји Совет по саат и пол паркирање, паркирање, паркирање, паркирање, па ќе почниме да го сонуваме веќе. Мислам дај да бидиме продуктивни. Дај да му дадиме на луѓето да работат, директори, Управни Одбори имате таму, вработени има од повеќе калибри кои што работат, комтролори, администрација, чувари депо, не знам пајак служба. Значи да си ја бркат луѓето работата, а граѓаните да си ги почитуваат законите и прописите најпаметно е, а тоа што можеме да олесниме, ќе олесниме, не само за едната страна и за другата страна. На крајот од денот сите пари ќе дојдат минус во претпријатието, пак ќе ги додадеме од Општината, нема друго чаре, а тие се истите пари, на граѓаните. Така да мислам да бидеме попродуктивни во тој дел.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Си кажавте доста работи. Некој бил да пропадне претпријатието, да немало паркинг. Никој не спомна ништо такво. Никој не спомнува. Едно паркинг место во прва зона, колку ви е искористеноста на едно паркинг место во прва, втора и трета зона. Колку е искористеноста на дневно ниво. Па има празни места. Спроти Музичкото Паркче таму има постојано празни места. Значи имате постојано слободни паркинг места. Не мора да значи дека некој треба да се паркира одма до местото каде што треба да заврше работа. Идејата на оваа работа е ако некој паркирал, заборавил да пуште порака, зошто после 6 часа на прописно паркирано место да му ја дигнете колата. Пишете му казна, ставите му една налепница, ќе си ја плате 1000 денара казната и ќе му важи 24 часа, до утре до истиот временски период. Има паркинг места, како нема паркинг места. А

зошто да не биде тоа така. 720 денара е во прва зона. Не е некој будала да не плаќа намерно и да го казнуваш ти секој ден по 1000 денара. Значи идејата беше и сите се сложивме претходниот пат 24 часа, ако некој е казнет 24 часа, секако го покрива да е постојано исполнето тоа паркинг место, го покрива, односно ги заработува тие пари тоа паркинг место. Правиме муабет за прва зона, за другите зони да не зборувам. Така да ставете му налепница еве ако ви се куси канџи ставете му налепница, оставете го 24 часа, си ја платил казната и готово, а во однос на овој другиот дел јас не знам еве спомна некој други градеви каде што паркирањето е со помал број на саатеви па таму нема сообраќаен хаос.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Сега добив една информација еве од вработените од Паркинзи кои што административно работат таму, воа што го предлагате ако не му ја крениме колата и му ја однесиме во депото и му ставиме налепница изложен е на трошкови x5. Му правиме лошо. Прво треба. Само дослушај ме како оде процедурата. Треба да го најдиш по број на таблици сопственикот од МВР, треба да му пуштиш покана да си плате во рок од 8 дена. Ако не плате го даваш во постапка на извршител и тоа кошта 6000 денара. Па ќе дојде, ќе каже јас не пријавив пошта, па што е ова 6000 и мислам дека ќе направиме полошо.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани внимателно ги пратев вашите излагања во врска со предлогот од ЈП Паркинг. Сметам дека губиме непотребна енергија за неколку жители кои ќе бидат казнети, а за сметка на тоа цела Општина ќе биде блокирана, затоа што тој сакал неправилно да паркира, да го узурпира местото и така натаму. Не верувам дека 6 саати заборавил да пуште порака колега. Ај да застанал 20 минути, 30 минути, да заборавил, немал, ама 3 саати, 6 саати, да седиш во кафана, кафиќ или да се шеташ низ градот и да заборавиш да пуштиш порака, мислам дека не е заборавање. Тоа е едно. Друго кога ќе го тргниме тоа возило, им овозможуваме на другите граѓани кои што треба да ги штитиме и нив да дојдат, да си завршат работа во градот, да појдат, да испазарат или да направат нешто друго и да си завршат работа. Сега ние збориме за неколкумина прекршители кои што ќе им била наплатена висока сума. Значи да не збориме. За над дозволеното конзумација на алкохол 250 евра е казната. За брза вожња 300 евра е казната, за над 40 ти ја зимаат и 6 месеци возачката. Зошто да ми ја земат возачката. Сум згрешил. Еве ќе платам за грешката. Зошто да ми ја земат возачката. Зошто да не возам. Значи казнените одредби се одредени во друга постапка. Цело време трошиме енергија и збориме за некој што имал блокатор, па му било дигнато ваквото, за сметка на тоа другите граѓани да бидат оштетени. Да не може да се паркира, да заврше работа или да врте 10 пати околу градот. Ај да прошетаме сега ќе видиш колку има слободни.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Колеги не знам дали знаете зошто се предвидуваат во секој закон да има казни. Зошто е казната предвидена

само да прашам. Да се почитуваат законите и правилата, а ако не се почитуваат тогаш не ни треба да има казни. Со воа му дозволуваме на секој што сака да праве во градот. Значи јас ќе ја оставам колата да стое моја и нема да платам, ќе ме пуште, ќе ја оставам 24 саата, па не ја поместувам, оти мене така ми било ќеиф. Не е во ред. Заради тоа блокаторот е 6 саати. Заради тоа што јас ќе размислам дали ќе ја оставам колата моја 6 саата да не пуштам порака, оти имало блокатор и мене само 1000 ќе ми земе. Дека казните се предвидени, за да се поштуваат правилата и законите. Друго не знам за што да ви кажам. Што ви е целта за сето воа. Не ги штитиме граѓаните. Со воа не му правиме ние на граѓаните на дополнителен трошок, ги учиме на ред и поредок. Знаете како се понашат нашите граѓани кога ќе идат во странство, како се понашат тука. Па се научивме веќе на ред. Кога и за 15 минути јас пуштам порака, значи ќе пуште секоједен. Во тоа е целта. Не знам зошто, што ви е поентата и што ќе добиете со ова што 6 или 24. 24 саати да стое кола блокирана.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Никој не стимулира да не плаќа некој паркинг. Ако колешке некој има вишок на пари да секој ден си паркира и да се моле дали некој ќе го евидентира, односно ќе виде дали има пуштено порака или не и да си превземат таков ризик, тогаш ок е по 1000 денара секој ден да дава, нека дава. Ете ти ја казната. Ние сме против тоа да му тураш ти уште една казна. Дали ме разбираш колешке. Значи едната казна, он ја платил, ја платил и доволно е. Најдите начин да му овозможите 24 часа да биде, да се убаце ли некако таа регистрација во системот, 24 часа на тоа паркинг место да може да му стое колата, а вие сакате да му ставите уште една казна. Да го крените и да му наплатите уште 3000 денара плус. Е тоа е идејата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници точката ја ставам на гласање. Повеќе од 2 минути трае. Реплика 2 минути трае. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 2 минути имаше реплика. Ама за сите исто. Па надвор од 2 минути беше. Почитувани советници ве молам на гласање. Кој е за.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Од дискусијата на директорот мислам дека треба да очекуваме во наредните седници, не знам дали наредната или после 2,3 , да добиеме промена на Правилник и за плаќање на паркинг од 7-13 и во недела. Затоа што еве се укажало дека е гужва околу пазарот. Ќе ви објаснам. Може ли да ме дослушате. Од друга страна да ве потсетам дека на 27 седница баравме одговорност за пропустот кој што беше направен во зона Ц10, кај што без да се помине на Совет се наплаќал паркинг цели 9 месеци , од 1-ви август 2022 до 26 април 2023. Дали тогаш едногласно беше прифанато со консензус да се наложе на ЈП тие две одлуки за да се стише цела работа околу барањето на одговорност и тоа беше чисто проформа од ваша страна, затоа што гледам дека нема никаков ефект и не бараме

ние незнам што. Образложението да биде дадено како што сме го побарале, па после да го ставиме на дневен ред и да дискутираме за тоа.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Кратко. Колеги да не правиме фама. Вака. Сега ако направиме споредба .Ако се ставило шепа на 200 коли во просек, по извештајот ги гледам и од 200, 201 кола седела повеќе од 2 саати и не е дигната. Значи тоа што ние ќе донесиме одлука да биде 24 саата, никој нема да биде повеќе од 3 саата, нема да му ја заробе шепата сигурно, а ако видиш дека е повеќе од тоа, па тури му налепница и готово. Што е спорно. Значи ги гледам извештаите. Значи има по основ на казна, по 1000 двеста казни, а дигање има една, две. Значи никој не седе повеќе од 2 саата.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. 10 за. 1 против. И двајца не гласат. Повели Нешковски.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Како што видовме и ние тука и целата кавадаречка јавност советничката група предводена од СДСМ ја напушти оваа седница, после час, два дискусија околу точка на дневен ред, која што е од интерес на граѓаните на Општина Кавадарци, од интерес на сите нас, ние овде буквално како заробеници сите присутни во оваа сала ги слушавме сите небулози и некои неконкретни предлози и на крај кога дојде ред да се гласа оваа точка тие ја напуштија седницата на Совет на Општина Кавадарци барам, не можам да барам туку едноставно ги замолувам наредниот пат кога ќе дојдат на Совет да се извинат пред се на кавадаречката јавност и после нас, на нас тука како советници кои што сме дел од Советот на Општина Кавадарци. Не зборувам само за советничката група предводена од ВМРО ДПМНЕ, тука имаме и независни советници и советници од Левица .
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ова се тие работи што ги дискутиравме прегеска. Избега Градоначалникот, се налути, даваш пауза . Дај 2 минути пауза и пак ќе продужиме. Да бидиме рамноправни. Не избегаа, се налутија. Не ок е.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитуван советниче ние со сила не можеме да ги држиме. Значи одиме на 18 точка.

18. Програма Културно лето „ГО САКАМ КАВАДАРЦИ 2023„ од Друштво за маркетинг услуги ИНОВАТИВА ГРУП ДОО Скопје;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Значи Програмата Културно лето беше презентирана на Комисија и на двете Комисии. Не е за Гроздоберот, за Културно лето е. Повели Нешковски.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Само на кратко образложение нели во интерес и на јавноста и на колегите советници. Значи на денешната седница, на Комисија за култура од службите имаше објаснување, детално нели околу цела оваа програма и беше кажано дека до сите

советници ќе биде доставено примерок нели како што би се одвивало. Ако има некои корекции, предлози би биле прифатени од нивна страна. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ќе ве информираме во текот на наредните седници. Се подготвува Програмата и за Гроздоберот. Се надевам дека и оваа година ќе имаме успешна програма, така да во текот на наредниот Совет ќе биде елаборирана и етаблирана пред вас советниците. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 1 воздржан и двајца против.

19. Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно во сала.

20. Изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ за 2023 година, донесена од Управен одбор на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно во сала. Повели Круме.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Прво сакам да се заблагодарам до цела македонска јавност, затоа што во рекордно време беа собрани 70 000 евра за лекување на Кристијан Крстев, на сите кои што дадоа свој придонес сакам да им се заблагодарам и ова е стварно вредно за почит. Се докажа дека македонскиот народ е стварно вреден кога станува збор за лекување на некој, додека во Собрание се створи расположение за усвојување на еден закон за ретки болести и мислам дека ова е единствениот начин на кој што може да си помогнеме. Во консултација со службите сакам да дадам еден апел кога станува збор за лекување дека Општина Каваадрци би можела да направи обид секогаш да излезе во пресрет, само единствено нешто што е потребно на едно барање во граѓанскиот сектор кај нас, па понатаму Комисијата за здравство, па Комисијата за финансии би можеле да помогнат во лекувањето. Нели го поздравивме тоа што се собрани 70 000 евра за Кристијан, иако во случај да треба дополнително нека достават некое барање и Општина Кавадарци би можела да излезе, значи не само кога станува збор за Кристијан, значи за секој кога станува збор за лекување ќе направиме обиди. Имало претходно случаеви каде што оваа мерка била злоупотребувана, тоа не е тајна, но кога станува збор за вакво нешто ќе излеземе во пресрет. Освен тоа имам неколку советнички прашања. Може Градоначалниче кон вас. Добро ама во случај ако сака

Градоначалникот, ако е така на брзинка, ќе продолжиме наредната седница.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници на наредната седница како точка. Да беше најавено, немаше никаков проблем. Можеби ќе се разговараше, меѓутоа сега на крајот од седницата. Да ви се заблагодарам за присуството денес. Денеска имавме една тензична седница. Се надевам дека наредните седници нема да бидат во ваков правец. Се во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов